# Framing the Rainbow:

–

# Анализа на известувачките рамки во медиумското покривање на теми поврзани со ЛГБТ - заедницата


Истражувач и автор на извештајот:

Игор Мицевски

Истражувачи:

Ирена Цветковиќ, Васко Маглешов



Коалиција СЗПМЗ

Скопје, 2017

# Framing the Rainbow:

–

# Анализа на известувачките рамки во медиумското покривање на теми поврзани со ЛГБТ - заедницата

Истражувач и автор на извештајот:

Игор Мицевски

Истражувачи:

Ирена Цветковиќ, Васко Маглешов

Коалиција СЗПМЗ

Скопје, 2017

# Содржина

| | | |
|---|---|---|
| **I.** | **Дефиниција на проблемот** | 7 |
| **II.** | **Концептуална рамка** | 11 |
| **III.** | **Метод** | 14 |
| III.1. | Истражувачки прашања | 14 |
| III.2. | Истражувачка стратегија и дизајн | 15 |
| III.3. | Временска рамка и стратегија на примерочењето | 18 |
| **IV.** | **Анализа** | 20 |
| IV.1. | Анализа на почитувањето на општите новинарските стандарди во известувањето за прашања поврзани со ЛГБТ | 20 |
| IV.1.1. | Позиција на новинарот кон ЛГБТ-заедницата | 20 |
| IV.1.2. | Транспарентност на авторството на текстовите за ЛГБТ-заедницата | 22 |
| IV.1.3. | Жанровска дистрибуција | 23 |
| IV.1.4. | Употреба на извори | 24 |
| IV.2. | Анализа на фреквенцијата со која низ времето се појавуваат медиумските содржини што се однесуваат на ЛГБТ-заедницата | 26 |
| IV.2.1. | Деконструкција и анализа на дистрибуцијата на ЛГБТ - теми низ времето | 26 |
| IV.3. | Анализа на врамувањата (frame analysis) во медиумското покривање | 40 |
| IV.3.1. | Дискриминација/човекови права (Discrimination/Human Rights Frame) | 42 |
| IV.3.2. | Зла манипулација (Evil Manipulation Frame) | 45 |
| IV.3.3. | Солидарност/отпор (Solidarity/ Resistance Frame) | 53 |
| IV.3.4. | Идеолошка вредност [Value Frame] | 56 |
| IV.3.5. | Идентитет (Identity Frame) | 64 |
| IV.3.6. | Насилство (Violence Frame) | 65 |
| IV.3.7. | Тело (The Body Frame) | 69 |
| **V.** | **Заклучоци** | 72 |
| **VI.** | **Препораки** | 78 |

# I.

# Дефиниција на проблемот

Историски, македонското општество манифестира отворена нетолерантност, а Македонија како држава спроведува несомнена дискриминаторска политика кон ЛГБТ-заедницата и кон групите и поединците што ги застапуваат нивните интереси. Сукцесивни меѓународни извештаи и автохтони анализи, релевантни за утврдувањето на степенот на почитување на човековите права во овој политички контекст, ја поткрепуваат таа констатација.

Извештаите на Европската комисија за напредокот на Македонија кон Европската Унија од почетокот на нивното објавување во 2005 г., ја посочуваат систематската дискриминација на различни општествени групи, а од 2008 г. наваму ја издвојуваат ЛГБТ-популацијата како особено ранлива категорија граѓани. Следењето на овие извештаи, особено од почетните години на владеењето на авторитарната, деснопопулситичка и етнонационалистичка влада во Скопје, открива дека Комисијата воочувала влошување на ситуацијата во секој следен известувачки период. Така, последователните извештаи подвлекуваат дека „[л]езбијките, геј, бисексуалците и трансродовите лица, се (...) цел на дискриминација“ и, следствено, „националната антидискриминациска стратегија треба да ја опфати и дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација и на родовиот идентитет“[1]; потоа, дека „постои растечка

1 European Commission Report of FYR Macedonia 2008, pp 19.

загриженост поради стигматизацијата (...) нav ЛГБТ-заедницата“[2] и дека е загрижувачки тоа што во Македонија хомосексуалноста „се третира како болест во високообразовните и во средношколските курикулуми“[3]. Откако во октомври 2012[4] и во јуни 2013 г. ЛГБТ-заедницата беше цел на насилен физички напад од омраза[5] и откако положбата на ЛГБТ-луѓето беше поставена во контекст на колонизацијата на медиумскиот систем во земјата, извештаите на Комисијата со поотворена реторика посочуваа дека распространетата култура на неказнивост на ваквите дела ја поттикнува нетолеранцијата[6] и дека стереотипизирањето и предрасудите се сеприсутни низ медиумски дисеминираната хомофобија[7] . Слични забелешки има и во последователните извештаи за човековите права на Стејт департментот, според кои активистичките групи пријавуваат „повеќе инциденти на манифестација на општествена предрасуда, како физичко насилство, злоупотреба, употреба на дерогирачки јазик, вклучително и во медиумските објави и од Владата“[8], дека постои загриженост кај групите за човекови права поради тоа што „Законот за заштита од дискриминација не ја наведува сексуалната ориентација како поле на заштита“[9] и дека „постои општа клима на непријателство кон ЛГБТ-заедницата во мејнстрим-медиумите, кај политичкиот естаблишмент и во општеството, а властите не успеваат да преземат мерки да го запрат говорот на омраза и кривичните дела против ЛГБТ индивидуите“[10].

---

2 European Commission Report of FYR Macedonia 2010, pp 20.
3 European Commission Report of FYR Macedonia 2011, pp 18.
4 Georgievski, D. (2012) New LGBTI Support Centre in Skopje Attacked, Available at: http://oneworldsee.org/content/new-lgbti-support-centre-in-skopje-attacked
5 Jakov Marusic, S. (2013) Attacks on Skopje Gay Pride Activists Condemned, Available at: http://www.balkaninsight.com/en/article/skopje-anti-gay-attacks-condemned
6 European Commission Report of FYR Macedonia 2014 pp.47.
7 Progress Report 2015 pp. 20 and 2016, pp. 62.
8 Country Reports on Human Rights Practices for 2014 - United States Department of State pp. 23.
9 Country Reports on Human Rights Practices for 2015 - United States Department of State pp. 27.
10 Country Reports on Human Rights Practices for 20116 - United States Department of State pp. 37.

Последователни домашни анализи на медиумските содржини поврзани со ЛГБТ заедницата укажуваат на тоа дека патријархалната хетеронормативна хегемонија најјасно е продуцирана низ медиумските дискурси и како норма е репродуцирана низ времето, придонесувајќи за цементирање на таканаречените традиционални вредности и културата на нетолеранција и дискриминација кон оваа група. Последнава деценија анализите на медимските содржини покажуваат дека „[м]акедонските медиуми имаат проблем при известувањето за различностите и за дискриминацијата, особено врз основа на родот, сексуалната ориентација или на припадноста кон некоја маргинализирана група“, поради тоа што „дел од нив имаат сериозен отпор да го прифатат концептот ‘маргинализирана група’; повеќето не ја препознаваат дискриминацијата и социјалното исклучување; во коментарите на некои медиуми има негативни стереотипи, предрасуди, хомофобични и националистички изјави и говор на омраза“[11]. Истражувањето на дискурсите конструирани за ЛГБТ-заедницата низ медиумите во 2011 година укажа на широко распространетите дискриминирачки практики и укажа на исклучувачките и делегитимирачки стратегии на медиумскиот простор во Македонија[12].

Но, многу нешта се сменија во македонскиот политички контекст во последниве неколку години и таа промена беше индуцирана од падот на хибридниот режим, кој на политичката сцена внесе тип на владеење со авторитарни тенденции – карактеристика којашто го стесни политичкиот простор, ја поткопа јавната сфера и сери озно го засили узурпирањето на човековите права, вклучително и на правата на ЛГБТ-заедницата.

Целта на ова истражување, меѓу другото, е да обезбеди систематично спознание за тоа дали во моменти на вакква драматична по-

11 Чаусидис, Т., (2013) Маргинализираните заедници во медиумите, Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, Скопје.

12 Трајановски et al (2011) Медиумските дискурси и дискриминацијата врз припадниците на маргинализираните групи (корисници на дрога, сексуални работници, ЛГБТ, лица што живеат со ХИВ).

литичка трансформација може да се зборува и за менување на односот на медиумите кон маргинализирана група каква што е ЛГБТ-заедницата. Истражувањето ја остварува оваа цел спроведувајќи систематична анализа на врамувањата низ времето (frame analysis) на медиумските содржини, објавувани секој последователен ден во првите седум месеци од 2017 г., деконструирајќи го нивното функционирање во македонската медијатизирана јавна сфера[13]. Тоа се надоврзува на активностите што ги спроведува Коалицијата во континуитет од 2007 година, а кои се однесуваат на детектирање и деконструирање на дискриминирачките и стигматизирачки медиумски практики во македонската јавна сфера, со цел да се овозможи сензитивизација на јавноста во земјата за правата на маргинализираните заедници, но и сензитивизирање на медиумската заедница за новинарските практики што не се доволно чувствителни кон маргинализираните заедници, повикувајќи се на домашните и на меѓународните стандарди[14].

13 Thompson, J.B. (1995), The Media and the Modernity: A social theory of the media, Cambridge: Polity Press, pp. 125–134. Медијатизација е комуниколошка теорија според која низ медиумите е оформена севкупната јавна сфера и според која низ медиумите се контролираат политичката комуникација и општествените процеси.

14 Европска конвенција за човекови права. член 8, 10, 14; Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 48 и 61 и Кодекс на новинарите на Македонија.

# II.

## Концептуална рамка

Во концептуалната рамка накусо ги идентификуваме главните елементи за анализа на медиумското известување на теми што се поврзани со родовите прашања и со прашања што ја засегаат директно или индиректно ЛГБТ-популацијата во Македонија и утврдуваме како овие концепти се поврзани меѓу себе, и како тие би можеле да се операционализираат за потребите на методологијата на истражувањето. За потребите на ова истражување накусо ги дефинираме следниве клучни концепти:

*Врамување (framing):* Според синтетичката дефиниција, која доаѓа од полето на комуникологијата, под овој поим се подразбира „контекстуализација што ги поставува специфичните тврдења во селективен, кохерентен и целисходен интерпретативен контекст"[15]. Оваа дефиниција на Кристијан Баден е, всушност, синтетизирана концептуализација, која влече корени од неколку теории на врамувањето – најочигледно од теориите на Ентман[16], потоа на Гамсон и Модиљани[17] и, конечно, на Бенфорд и Сноу[18]. Врамувањето, според Баден, е селективно, зашто подразбира из-

15 Baden, C. (2010). Communication, contextualization & cognition: Patterns & processes of frames' influence on people's interpretations of the EU constitution. Eburon.

16 Entman, R. M. (1993). Framing: Toward clarification of a fractured paradigm. Journal of Communication, 43(4), 51-58. doi: 10.1111/j.1460-2466.1993.tb01304.x

17 Gamson, W. A., & Modigliani, A. (1987). The changing culture of affirmative action. In R. G. Braungart & M. M. Braungart (Eds.), Research in Political Sociology (Vol. 3, pp. 137-177). Greenwich, CN: JAI Press.

18 Benford, R. D., & Snow, D. A. (2000). Framing processes and social movements: An overview and assessment. Annual Review of Sociology, 26, 611-639. doi: 10.1146/annurev.soc.26.1.611

бор на специфични аспекти на една комплексна реалност и нивно издвојување како релевантни; рамките се кохерентни поради тоа што тие ги поврзуваат селектираните аспекти на стварноста и објаснуваат зошто е релевантна нивната врска. Конечно, тие се целисходни затоа што водат кон определен заклучок. Рамките можат да се разберат како инвентар на дискурзивни јазли кои: (1) го дефинираат проблемот, односно укажат на тоа за што се работи точно; (2) ги дијагностицираат причините за тој проблем, односно сугерираат кој е виновен за него; (3) прават морална евалуација за проблемот; и, конечно (4) сугерираат решение за тој проблем[19];

*Дискурс:* Ова истражување ја следи позицијата во рамките на традицијата на Мишел Фуко за дефинирањето на концептот *дискурс*. Фуко е премногу дифузен во експликацијата на овој концепт за да може изворно да се извлече конкретна дефиниција од кај него, па затоа Иара Леса, врз основа на неговата студија „Археологија на знаењето“, ја предлага дефиницијата што е преземена тука: „[Дискурсите се] мислечки системи, составени од идеи, ставови, дејствувања, уверувања и практики, кои систематски ги конструираат субјектите и световите за кои тие зборуваат“[20] . Дискурсот кај Фуко се однесува на флуидноста на моќта низ јазикот/говорот;

*Претставување:* Според Венден[21], дискурсот може да биде предмет на општествена борба, на сличен начин на кој тоа може да биде „богатството“ или „слободата“. Борбата за монопол врз начинот на кој е конструирана и претставена определена општествена група во јавната сфера е дискурзивно дејство кое ова истражување ќе се обиде да го деконструира. Како што се користи овој концепт во дискурзивната анализа – репрезентацијата се однесува на јазикот што се користи во текстуалните или во говорните манифестации

19 Entman, R. M. (1993). Framing: Toward clarification of a fractured paradigm. Journal of Communication, 43(4), 51-58. doi: 10.1111/j.1460-2466.1993.tb01304.x
20 Lessa, I. (2006). Discursive struggles within social welfare: Restaging teen motherhood. British Journal of Social Work, 36(2), 283-298.
21 Wenden, A. L. (2005). The politics of representation: a critical discourse analysis of an Aljazeera special report. International Journal of Peace Studies, 89-112.

за да им се обликува значењето на групите и на нивните практики[22]. „Општествените репрезентации се слики што ја кондензираат повеќезначната смисла, која им овозможува на луѓето да разберат што се случува околу нив; тоа се категории што ги класифицираат околностите, феномените и индивидуите со кои луѓето се во интеракција“[23]. Претставувањата можат да бидат хегемониски, преговарани, опонентски[24].

*Маргинализирани групи:* Концептуализацијата на поимот „маргинализирани групи“ е содржан во мисијата и во визијата на Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, која се залага за заштита и почитување на основните човекови права, особено на овие ранливи групи. Во практичната смисла на зборот, под маргинализирани групи во ова истражување се подразбираат припадниците на ЛГБТ-заедницата;

*Говор на омраза:* Дефиницијата што ја користи ова истражување за концептот „говор на омраза“, се базира на две препораки на Советот на Европа, кои се однесуваат на културата на толеранција. Во препораките R (97) 20 и R (97) 21 на Комитетот на министри до земјите-членки за „говорот на омраза“ се вели дека „терминот ‘говор на омраза’ (...) ги опфаќа сите форми на изразување што шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза засновани врз нетрпеливост, вклучувајќи и нетрпеливоста изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинствата, емигрантите и лицата со емигрантско потекло.

22 Wodak, R., & Fairclough, N. (2004). Critical discourse analysis. Qualitative Research Practice: Concise Paperback Edition, 185-202.
23 Jodelet, D. (1991). Madness and social representations: Living with the mad in one French community (No. 5). Univ of California Press (види Moscovici, 1988 and Markova, 2000).
24 Howarth, C. (2006). A social representation is not a quiet thing: Exploring the critical potential of social representations theory. British journal of social psychology, 45(1), 65-86.

# III.

# Метод

## III.1. Истражувачки прашања

Истражувањето, покрај вообичаеното утврдување на степенот на почитување на општите новинарски стандарди, бара одговор на две главни истражувачки прашања во чии рамки постојат поконкретни истражувачки интереси:

1. Како се **врамени** темите што се (директно или имплицитно) поврзани со ЛГБТ-заедницата во Македонија во традиционалните и во онлајн-медиумите? (Frame Analysis - QUAN+QUAL)
   а) Кои известувачки рамки можат да се изолираат во медиумското покривање на темите што се однесуваат на ЛГБТ-заедницата?
   б) Како функционираат известувачките рамки – какви односи на моќ енкапсулираат?
   в) Како се дистрибуирани овие рамки низ времето и на кои временски пунктови тие се мобилизираат?

2. Како се **претставени** маргинализираните категории и заедници во традиционалните и во онлајн-медиумите? (Discourse Analysis - QUAL)
   а) Како парадигматичните медиумски објави ги конструираат дискурсите кога ја опсервираат ЛГБТ-заедницата?
   б) Дали во известувањето за маргинализираните категории, индивидуи и групи се користи говор на омраза или дискриминирачки говор?
   в) Чии гласови и интереси се претставени во медиумските содржини?

## III.2. Истражувачка стратегија и дизајн

Ова истражување почива на мешана (QUAN+QUAL) истражувачка стратегија. Таа користи: (1) критичка дискурзивна анализа (critical discourse analysis), за да ги утврди начините на претставување на маргинализираните групи и односите на моќ што ги репродуцира таа и (2) анализа на рамките (frame analysis), за систематски да ги утврди релативно стабилните дискурзивните јазли поради кои определени прашања се толкувани на определен начин од страна на јавноста и да анализра како тие се дистрибуирани низ времето.

Методот што се применува во ова истражување се потпира на теоријата за врамувањето (framing theory), која објаснува на кој начин медиумите ги врамуваат темите од општествениот и од политичкиот живот за кои известуваат. „Врамувањето“ е суштествена карактеристика на известувањето, тоа „...ја организира секојдневната реалност... и претставува дел и исечок од секојдневната

реалност“[25]. Рамките на известување (news frames) се рутинизирани „обрасци на спознавање, толкување и презентирање“, но исто така, и на „...избирање, нагласување и исклучување“ на информациите. Тие се „спакувани информации“ наменети за публиката[26]. Натаму, рамката на известување (news frame) е „централната идеја“, или „линијата на приказната“, која го организира новинарскиот текст и им дава значење на настаните што се редат во него[27]. Некои автори тврдат дека во суштината на врамувањето е „...суптилната промена во изразувањето или во презентирањето на... проблемите[28]“ . Според ова сфаќање, преку врамувањето новинарот се обидува приказната да ја претстави од аспект на тоа „кој е одговорен за проблемот“ и „кој може да го реши проблемот “.




**Fig.1.1** Шематски приказ на дизајнот на истражувањето

Еден од водечките теоретичари во областа вели дека новинарите преку врамувањето се обидуваат да направат дел од информацијата „забележлив, значаен и паметлив за публиката“[29]. Според

25 Tuchman, G. (1978) Making News. New York: Free Press.
26 Gitlin, T. (1980) The Whole World is Watching. Berkeley: University of California Press.
27 Gamson, W.A. and A. Modigliani (1987) 'The Changing Culture of Affirmative Action', Research in Political Sociology 3: 137–77.
28 Iyengar, S. (1991) Is Anyone Responsible? Chicago, IL: University of Chicago Press.
29 Entman, R.M. (1991) 'Framing US Coverage of International News: Contrasts in Narratives of the KAL and Iran Air Incidents', Journal of Communication 41(4): 6–27.

Ентман, за врамувањето е клучно селектирањето и нагласувањето. Да се врами една приказна значи да се селектираат одделни аспекти на реалноста и да се направат повидливи во конкретниот текст, преку специфично дефинирање на еден проблем, негова причинско-последична интерпретација, морална евалуација и изнесување идеи за негово решавање[30]. Според тоа, преку врамувањето новинарот дава дијагноза, прави евалуација и нуди решенија. За потребите на оваа анализа ќе се тргне од дефиницијата според која рамката е централна организирачка идеја во информативната содржина, која обезбедува контекст и сугерира во што се состои прашањето, преку селектирање, нагласување,

исклучување и елаборирање[31]. За да се открие како се одвива овој процес, односно како може да се препознае во медиумскиот текст, потребна е оперативна дефиниција на рамката на известување. Истражувањето ја операционализира дефиницијата на Ентман според која известувачката рамка: (1) го дефинира проблемот во темата, односно кажува како тој проблем да биде разбран од публиката; (2) утврдува каузалитет - укажува на тоа од каде доаѓа тој проблем, кој е виновен и слично; (3) дава морална проценка за проблемот и (4) може да предлага или да имплицира акција. Оваа анализа не ги набљудува известувачките линии на поединечните медиуми – таква опсервација би била бесмислена со оглед на тоа што повеќето медиуми имаат исклучително мала продукција на теми поврзани со ЛГБТ, што самото по себе укажува на стратегијата на премолчување на овие прашања во медијатизираната јавана сфера.

30 Entman, R.M. (1993) 'Framing: Toward Clarification of a Fractured Paradigm', Journal of Communication 43(4): 51–8.

31 Tankard, J.W., L. Hendrickson, J. Silberman, K. Bliss and S. Ghanem (1991) 'Media Frames: Approaches to Conceptualization and Measurement', paper presented at the Association for Education in Journalism and Mass Communication Convention, Boston.

## III.3. Временска рамка и стратегија на примерочењето

Истражувањето ги зема предвид сите објави на онлајн- и на печатените медиуми што директно или индиректно се однесуваат на ЛГБТ-заедницата во сите последователни денови од 1 јануари до 15 јули 2017. Овој опфат, не беше можно да биде испочитуван единствено за мониторираните телевизии[32] – кај нив се обработени единствено оние објави што се појавија во три последователни недели, и тоа неделите околу настаните поврзани со Викендот на гордоста во јуни 2017 година. Сепак, заради подобар увид врз продукцијата на медиумите, во корпусот анализирани текстови во целиот период опфатен со овој извештај, влегуваат и малубројните текстови објавени на веб-страниците на телевизиите.

### Примерок-медиуми:

- телевизии (со национална терестријална концесија и кабелски): МТВ 1, МТВ 2, Сител, Алсат М, Телма, Алфа, Канал 5, 24 вести, ТВ 21, Нова;
- печатени изданија на весниците: Дневник, Утрински весник, Нова Македонија, Вечер, Вест;
- онлајн-медиуми: Плусинфо, А1Он, Курир, Телеграф, Мета, Либертас.

32 Селекцијата на содржините од телевизиските куќи, поради објективна неможност, не е направена за целото времетраење на истражувачкиот период. Исто така, од медиумите што известуваат на албански јазик се земени единствено оние што нудат двојазична програма. Отсуството на целосен примерок од телевизиските содржини е делумно компензирано со тоа што во примерокот се земени содржините од Веб страниците на телевизиските куќи, додека отсуството во примерокот на медиуми што известуваат единствено на албански јазик, не беше надминат. Ова се секако методолошки ограничувања на истражувањето, кои би можеле да се отстранат во следни истражувачки зафати. Поради ограничувањата, оваа анализа не можеше да направи проценка на трендовите на известување или на дистрибуцијата на врамувања на текстовите според типови на медиуми и според јазик на кој објавуваат, за да може да утврди дали има корелација, на пример, меѓу објавите на телевизиите и определен тип на известување за ЛГБТ. Сепак, поради доволно широкиот опсег на медиуми и текстови кои беа земени во примерокот, таа можеше да ги утврди репертоарите на врамувања на ниво на севкупната медиумска содржина и тука одземањето или додавањето на дополнителни медиуми не е веројатно дека може да ги смени наодите кои се презентирани во овие страници.

### Примерок-содржини во рамките на овие медиуми:

- централните изданија на вестите во телевизиските изданија;
- содржината во сите рубрики во печатените и во онлајн-изданијата[33].

33 *Смисловниѿе целини во една информаѿивна ѿроѓрама овде се дефинирани како ѿрилоѓ – во рамкиѿе на ѿрилоѓоѿ влеѓува и неѓоваѿа најава и новинарскоѿо извесѿување.*

# IV.

# Анализа

## IV.1. Анализа на почитувањето на општите новинарските стандарди во известувањето за прашања поврзани со ЛГБТ

### IV.1.1. Позиција на новинарот кон ЛГБТ-заедницата

Во селектираниот период од 196 последователни известувачки денови, меѓу 1 јануари и 15 јули 2017 г., истражувачите детектираа 310 новинарски статии/прилози во кои тема се прашања што се директно или индиректно поврзани со ЛГБТ-заедницата. Од вкупниот број објави, 48% (149) се статии што се однесуваат на теми поврзани со Македонија, а 52% (161) се објави што се однесуваат на теми за ЛГБТ-заедницата од други локации. Квантитативна рамнотежа меѓу објавите за домашни и странски теми за ЛГБТ не е одразена во односот на типот на претставувањето. Кај корпусот текстови што не се однесуваат на Македонија, анализата открио експлицитна негативна позиција на новинарот кон ЛГБТ или негативно претставување на оваа заедницата во само 0,6% (еден текст). Кај статиите што се однесуваат на теми од Македонија, пак, заедницата или поединците идентификувани со неа се експлицитно не-

гативно претставени во 43 текстови, што е 28,9% од вкупниот број објави што се однесуваат на Македонија. Речиси сите овие текстови ја контекстуализираат ЛГБТ-заедницата во политичко-манипулативен амбиент – нивната цел е да нападнат или да демонизираат партиско-политички опоненти и во тој контекст дискурзивно ја злоупотребуваат ЛГБТ-заедницата или групите и поединците што се нејзини јавни застапници.




**Fig. 1.2:** Тип на претставување на ЛГБТ според географска локација на темата – Каде се случил настанот?

Бидејќи овој наод имплицираше дека, и покрај општествено-политичките промени во Македонија, степенот на експлицитно негативна репрезентација на ЛГБТ, компаративно, останал ист со претходните известувачки периоди[34], односно дека ЛГБТ- темите и понатаму ја имаат истата вредност за новинарите и за медиумите во политичките злоупотреби во домашниот социо-политички контекст, ова истражување ја анализаираше и структурата на објавите. Речиси сите текстови во кои има експлицитно негативно претставување (39 текстови или 90,7% од објавите со фокус на

34 Трајановски et al (2011). Медиумските дискурси и дискриминацијата врз припадниците на маргинализираните групи (корисници на дрога, сексуални работници, ЛГБТ, лица што живеат со ХИВ).

Македонија, кои имаат негативен однос кон заедницата), доаѓаат од еден извор – Курир. Ова, пак, сугерира дека експлицитната негативност манифестирана во овој период не може да се смета за општа тенденција во македонската јавна сфера во селектираниот период, туку за слика што е доминантно произведена од онлајн-какофонијата, како резултат на рецидивното однесување на еден медиум. Исто така, треба да се забележи дека во известувачкиот период не се забележани статии во кои има ноторен и блатантен говор на омраза против заедницата или против нејзини членови, но и дека присуството на јасно препознатлив негативен говор кон групата во себе содржи елементи на оваа појава[35]. Исто така, нивоата на стигматизација и обезмоќување на ЛГБТ-заедницата, за кои има само индикација, но не се целосно видливи во општите квантитативни опсервации, јасно се забележуваат во анализата на врамувањата, која ги обелоденува можните ефекти што ги има известувањето врз публиката – ова е анализирано во следните поглавја.

### IV.1.2. Транспарентност на авторството на текстовите за ЛГБТ-заедницата

Најголемиот број статии што се предмет на ова истражување се објавени без да му бидат атрибуирани на конкретен автор. Во само 12,6% (39) од текстовите, познат е нивниот автор, во 5,1% (16) од статиите под текстовите има само иницијали на авторот, а во другите 255 текстови, или 82,3% од вкупните објави на теми за општествената позиција на ЛГБТ заедницата – авторот не е познат. Структурирана според локацијата што е во фокус на текстовите, оваа анализа покажува дека 83,9% (125 текста) од објавите со фокус на

35 Во препораките R (97) 20 и R (97) 21 на Комитетот на министри до земјите-членки за „говорот на омраза“ се вели дека „терминот ‘говор на омраза’ [...] ги опфаќа сите форми на изразување што шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза засновани врз нетрпеливост, вклучувајќи и нетрпеливоста изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинствата, емигрантите и лицата со емигрантско потекло.

Македонија и 81,4% (131 текст) од објавите во кои се опсервира ЛГБТ-заедницата надвор од Македонија не се потпишани од автор. Поради малиот број потпишани текстови истражувањето не можеше да утврди дали во редакциите едни исти автори редовно ги покриваат ЛГБТ-темите, која е нивната известувачка линија, ниту пак, со генерализирачки квалитет да утврди дали има корелација меѓу авторите и типот на известувачките рамки што доминираат низ нивните текстови.

Овој наод не е специфичен само за известувањето за ЛГБТ-темите туку претставува и сведоштво за општата тенденција во македонското новинарство. Практиката на непотпишување на текстовите во клиентелистичкиот медиумски пејзаж и поларизираниот хегемониски[36] медиумски систем, каков што е македонскиот, стратегиски овозможува лесна политичка манипулација со темите[37] и овозможува избегнување на лична одговорност за тоа што е напишано и објавено. Во овој контекст, маргинализираните групи, кои се предмет на интерес на оваа анализа, се особено ранливи, поради тоа што можат да бидат честа цел на говор на омраза без можност производителот и дисеминаторот на омразата да ја понесе одговорноста за своите постапки. Исто така, оваа практика оневозможува да се забележат промените во тенденциите на известување на индивидуални новинари – наод што би имал корисна примена во однос, на пример, на дизајнирањето обуки за новинарско известување за маргинализираните групи.

36 Trpevska, S., & Micevski, I. (2014). Macedonia. In SEEMO Media Integrity Matters, available at: http://mediaobservatory. net/sites/default/files/macedonia. pdf.

37 На пример, кога непотпишан коментар е составен од „непознат“ уредник, а е нарачан од „непознат“ политички актер – во овој синџир не е позната одговорноста на ниту еден фактор и конструкцијата и дисеминацијата на говорот на омраза стануваат олеснети. Ова е проблем особено во услови кога Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема казнени одредби за медиумот што го носи говорот на омраза, така што со оваа практика, кога ќе се појави говор на омраза, нема одговорност ниту од медиумот ниту, пак, од новинарот.

### IV.1.3. Жанровска дистрибуција

Анализата на жанровската дистрибуција на покривањето на темите во кои е опсервирана ЛГБТ-заедницата покажува речиси целосно отсуство на аналитички новинарски жанрови. Во целиот известувачки период има објавено само еден текст што може да се смета за аналитичко-репортажен. Тој се однесува на тема што не е поврзана со Македонија и е преземен од странска медиумска куќа. Во селектираниот период во медиумските објави во кои е спомената ЛГБТ-заедницата доминира веста како жанр со 232 објави (74,8%) кои можат да се сместат во овој елементарен новинарски жанр, потоа детектирани се 53 коментари (17%) кои директно или индиректно се осврнуваат на општествената позиција на ЛГБТ, 17 извештаи или проширени вести, што е 5,5% од вкупниот број, како и три интервјуа и неколку објави што се жанрови кои не можат да влезат во класичната жанровска поделба. Постои висока корелација меѓу жанрот коментар и негативниот однос кон ЛГБТ-заедницата – 71,2% од коментарите имаат негативен однос на авторот кон ЛГБТ-заедницата и, повторно, речиси без исклучок сите овие коментари доаѓаат од еден извор – Курир.

Изборот на жанрови во медиумското известување е индикативен за односот и тежината што ѝ се дава на некоја тема. Веста е жанр што треба накусо да информира за некоја новост, а аналитичките жанрови, какви што се истражувачките стории, новинарските анализи и слично, треба да ја деконструираат таа појава. Овие вториве се жанровите од кои може да се очекува посуштински придонес кон развој на јавната сфера во Македонија, поради тоа што тие бараат врски во деталите на појавите што обелоденуваат општествени неправди и размислуваат за начините како да бидат поправени тие неправди. Апсолутната доминација на веста како жанр во контекст на известувањето за ЛГБТ како маргинализирана група сугерира дека медиумите во Македонија ги опфаќаат темите за ЛГБТ на многу површен начин, без особено чувство за потребата тие да се продлабочат и да се развијат. Затоа и рамките преку кои се известува за ЛГБТ-темите, како што ќе стане јасно од анализата

на врамувањата, се исто така слаби и не навлегуваат во сериозна аргументирана поткрепа за позициите изнесени во текстовите.

### IV.1.4. Употреба на извори

Анализата на квантитативните аспекти на примена на општите новинарски принципи, кога станува збор за новинарските производи кои на директен или на индиректен начин ја опсервираат ЛГБТ-заедницата, укажува, исто така, на несоодветно користење на изворите – несоодветно во смисла на тоа дека тие не се користат за да се појави спектар на аргументирани позиции за општествениот статус на оваа маргинализирана заедница во јавната сфера. Во 218 новинарски производи во селектираниот период, текстот е базиран на само еден извор. Тоа е 70,3% од целата продукција на ЛГБТ теми во 196 последователни известувачки денови. Два извора се користени во 5,8% (18) од текстовите, а во 15 случаи или 4,8%, користени се три или повеќе извори[38]. Сепак во половина од текстовите со два и повеќе извори, изворите не претставуваат разачина позиција за темата, туку напротив, тие бранат ист став за неа – затоа за половината од текстовите што имаат два или повеќе извори не може да се каже дека консултирале повеќе гледишта за еден проблем.

И овој наод не е специфичен само за известувањето за темите поврзани со ЛГБТ-заедницата, туку тој е општа тенденција на македонското новинарство. Но, темите што отвораат прашања за маргинализираните заедници во конзервативно општество како македонското се доживуваат како исклучитено контроверзни и за нив е потребно особено чувство за правичност при нивото претставување во јавноста. Кажано во една нормативна перспектива, која укажува на тоа како нештата треба да бидат поставени за да обезбедат ниво на делиберација за овие прашања: спектарот на

38 Во другите текстови не се кодира бројот на извори бидејќи жанрот тоа не го бара – на пример жанрот коментар не е кодиран за извори.

различни ставови кои аргументирано ќе бидат репрезентирани и деконструирани низ известувањето, би бил чекор кон разбивање на стереотипите или на стигмата за ЛГБТ-заедницата.

## IV.2. Анализа на фреквенцијата со која низ времето се појавуваат медиумските содржини што се однесуваат на ЛГБТ-заедницата

Анализата на дистрибуцијата низ времето на темите што се предмет на интерес во ова истражување, открива во кои временски пунктови имало најголем интерес кај медиумите за темите поврзани со ЛГБТ-заедницата да бидат вклучени во нивната агенда. Ова е индикатор за степенот на респонзивност на медиумите кон конкретни прашања и открива кои се карактеристиките на темата поради кои таа може да добие проминентност во контекст на ЛГБТ-популацијата во медијатизираната јавна сфера.

### IV.2.1. Деконструкција и анализа на дистрибуцијата на ЛГБТ – теми низ времето

Најголема фреквенција на текстови поврзани со теми од Македонија се издвојуваат на пет известувачки пункта (fig. 1.3): (1) *23 и 24 јануари*; (2) *16 и 17 мај*; (3) *3 јуни*; (4) *25, 26 и 27 јуни* и (5) *4, 5 и 6 јули*. Најголема фреквенција на текстови поврзани со теми што се однесуваат на случувања надвор од Македонија се издвојуваат на шест известувачки пункта (fig. 1.2): (1) *18 јануари*; (2) *22 март*; (3) *3, 4, 5 и 6 април*; (4) *16 јуни*; (5) *18, 19 и 20 јуни* и (6) *30 јуни*. Ова поглавје илуминира што се случувало на тие пунктови и како било тоа случување медиумски покриено. Како што е прикажано

на Fig 1.3[39], во истражувањето се анализирани поврзаностите (или имплицитните поврзаности) меѓу објавите што се директно или индиректно поврзани со ЛГБТ.

Така, на првиот известувачки пункт кој се однесува на Македонија (23 и 24 јануари) има зголемена фреквенција на текстови што ја тангираат ЛГБТ-заедницата (11 текста). На 23 јануари 2017 година објавена е предлог-резолуција за реформскиот напредокот на Македонија од известувачот во Европскиот парламент, Иво Вајгел. Во текстот се вели дека „ЕП е загрижен и од нетолеранцијата кон лезбијките, геј, бисексуалците, трансродните лица и интерсексуалците (ЛГБТИ)". Четири македонски медиуми тој ден реагираа на оваа тема на начин на кој е спомената и ЛГБТ-заедницата. Во четирите објави има доминантно политичко-идентитетски фрејминг (името), а прашањето за ЛГБТ е споредно[40]. Истовремено, тој ден, како и следниот, објавени се шест текста на веб-страниците на Канал 5, Курир и Нова Македонија, кои се експлицитно негативни кон ЛГБТ-заедницата, и тие воопшто не го покренуваат прашањето за предлог-резолуцијата и позицијата на ЛГБТ во неа[41].

Доколку темата за предлог-резолуцијата е отворена во други прилози што не се предмет на оваа анализа, тоа е направено без да се спомене делот за ЛГБТ што е поместен таму. Во неколку од овие текстови се поставува еквиваленција меѓу ЛГБТ-заедницата, политичката (сега веќе) власт, или „СДС" – како што е наречена,

39 За подетален преглед погледнете ја табелата. Во наративниот дел се задржуваме единствено на парадигматичните наоди.

40 „Вајгл: ЕУ да преземе нови иницијативи за решавање на спорот за името со Грција" (Нова Македонија, 23.1); „Вајгл предлага нови иницијативи за решавање на спорот за името со Грција" (Канал 5, 23.1); „Вајгл предлага ЕУ да преземе нови иницијативи за решавање на спорот за името со Грција" (Сител, 23.1); „Вајгл: Борбата против корупцијата се поткопува од политичко мешање" (Плусинфо, 23.1).

41 Дел од текстовите вклучуваат: „'Вечер': Македонски хомосексуален сајт делумно финансиран од Американската амбасада демне малолетници на Фејсбук" (Курир, 23.1); „Скандалозно од Павле Богоевски од СДСМ: Директорката на СОРОС Фани Каранфилова заслужува плата од 3.400 евра, треба и повеќе" (Курир, 23.1); „Капетан Америка", колумна на Билјана Ванковска во која таа зборува за непринципиелноста на напаѓачите на американскиот претседател (Нова Македонија, 23.1); „Статусот на Бекири – говор на омраза?" (Канал 5, 24.1 – веб); „Балканските соросоиди се приклучуваат во војната со Трамп и американската администрација" (Курир, 24.1).

и СОРОС, поради тоа што, како што се имплицира, се „глобални носители на злото“. Иако нема експлицитни показатели дека последователните објави против ЛГБТ-заедницата се експлицитно поврзани со предлог-резолуцијата во која се бара подобрување на нивните права, сепак, може да се заклучи, како импликација, дека публиката што ги следи случувањата може да направи поврзување меѓу двете известувања во овие два дена. Ова би значело дека има имплицитна тенденција текстовите што сугерираат дека постои дискриминација на ЛГБТ-заедницата, да се прекријат со текстови што сугерираат дека е тоа манипулација на власта и имагинарниот надворешен непријател, овоплотен во СОРОС.

Интересен е наодот што произлегува од динамиката на известување на вториот пункт – 16 и 17 мај (Fig 1.2), кога во Европската Унија и во Македонија се обележува денот против хомофобијата. Неколку медиуми објавија пораки од високата претставничка на Европската комисија за надворешна и безбедносна политика, Федерика Могерини и министерот за информатичко општество и администрација во македонската влада, Дамјан Манчевски како поддршка на активистите за човекови права и, конкретно, како поддршка за ЛГБТ-заедницата во Македонија. Овие настани беа привремено игнорирани од медиумите каде што во минатото имало манифестации на нетолерантност кон ЛГБТ. Од кои би можело да се очекува брзо и мошне негативно информирање за настаните, како и стратегија за нивна контекстуализација во рамката манипулација; нивната реакција следуваше нешто подоцна[42]. Но, овде е интересно за анализа како се однесуваат по овој повод медиумите што имаат емпатија кон ЛГБТ-заедницата. Од кусата тематска анализа станува јасно дека тие го покриваат историски битниот момент макар и на вербална висока политичка поддршка за ЛГБТ така што едноставно пренесуваат изјави од инволвираните во настаните.

42 Види: известувачки пункт 25–27 јуни, во кој се споменуваат настаните од Денот против хомофобијата во контекст на тоа дека тие се политичка манипулација на „СДС“, како што се вели.

Сите текстови на Плусинфо[43], А1он[44] и на Либертас[45] употребуваат стратегија на гол трансфер, не користејќи ја можност да отворат дебата и да направат анализа за повеќе аспекти на прашањето: на пример, зошто отсуствувала ваква поддршка досега? На кои начини може вербалната поддршка да се претвори во конкретна акција? Како ќе резонира оваа поддршка во конзервативните кругови на ова општество? Што треба да значи таа за ЛГБТ-заедницата? Која е моралната одговорност на политичкиот естаблишмент во поглед на заштитата на маргинализираните заедници? Дури и само овие неколку прашања не се отворени во момент кога има опортунитетна структура за тие да бидат поставени и да се тргне по одговор за нив.

Индикативно е известувањето на пунктот од 25 до 27 јуни, кон крајот на македонскиот „Викенд на гордоста", поради тоа што илустрира како функционира механизмот на наметнување на тема во која е вакуумиран целиот политички простор на начин на кој е произведен сингуларитет – односно, кога ЛГБТ-заедницата, политичката (сега веќе) власт, невладиниот сектор, педофилите итн. се поврзани во синџир на еквиваленција, врз кој е проектирано „злото и перверзијата", што овозможува последователни лесни удари кон сите тие структури. Притоа, оригиналната премиса на која се базира конструкцијата е непостоечка[46]. Оваа практика укажува на тоа дека, и покрај политичката промена, дел од јавната сфера рецидивно конструира популистички стратегии кога станува збор за ЛГБТ-заедницата. Оваа конструкција е направена низ 12 медиумски објави, повеќето произведени од Курир (5), Вечер (2), веб-страниците на Сител (1), Алфа (1),

43 Пр: *„Морачанин: Љубовта не смее да претставува основ[а] за дискриминација" (Плусинфо, 16.5) и „Манчевски: Новата влада ќе работи на унапредување на состојбата со правата на ЛГБТ-лицата"(Плусинфо, 17.5).*

44 Пр: *„Македонија и состојбата со ЛГБТ-правата низ призмата на евроинтеграциите" (А1Он, 16.5).*

45 Пр: „Могерини на Меѓународниот ден против хомофобијата: Истополовите односи сè уште се кривично дело во 70 земји" (Либертас, 16.5).

46 Како клучен елемент во создавањето на оваа еквиваленцијална конструкција беше текст на колумнистот Никола Шиндре, објавен во Антропол, а споделена на неколку медиуми, во кој тој ги изнесува своите ставови за општественото санкционирање на педофилијата.

ТВ Нова[47] (1), но и А1он (2). Текстовите на А1он учествуваат во развојот на псевдотемата со тоа што непредизвикано трансферираат говор на изворот на темата. Порталот во два текста[48] целосно пренесува говор од прес-конференција на ВМРО-ДПМНЕ, каде што се вели дека „СДС“ не се дистанцирал од ставовите за педофилијата изнесени од Никола Шиндре три дена претходно. Потоа, за да се конструира синџир на еквиваленција меѓу ставовите на колумнистот и ставовите на политичката власт, текстот го истакнува учеството на колумнистот во Шарената револуција, која потоа е произведена како структура на сдсмовската манипулација. Дополнително, во вакуумот се вовлечени и претставници и поддржувачи на ЛГБТ-заедницата и, на тој начин, направена е монолитизирана и – во таа смисла – поедноставена цел за политички напад. Така, прес-конференцијата на ВМРО-ДПМНЕ, преку А1он како медиум, ја заклучува темата прво како прашање на *сексуална перверзија* на една група луѓе и, потоа, како прашање на *политичка манипулација*, во која политичките манипуланти се сексуално перверзни. Но, како функционираат другите текстови што се проминентни на овој известувачки пункт?

Повеќето од нив го произведуваат ефектот со неопониран трансфериран говор на политичката структура што ја „спонзорира темата“, со тоа што забележлива е интервенцијата на новинарите за да се засили тој ефект. На пример, прилогот на ТВ Нова (телевизијата, не порталот)[49] го позиционира ставот на колумнистот во контекст на Шарената револуција и потоа сугерира дека ВМРО-ДПМНЕ се спротивставува на таквиот тип перверзија. Произлегува дека и прорежимски,

---

47 Пр: „Социјалните мрежи вријат: Промоцијата и поддршката на педофилијата од активистите на ‘Шарената револуција’ е скандал без преседан“(Kurir, 26.6); Наместо да се извинат, порталите на Сорос ја реобјавуваат колумната на Шиндре за поддршка на педофилијата (Kurir, 27.6); „ВМРО-ДПМНЕ: СДСМ го одобрува ставот на Шиндре за релативизирање на педофилијата“ (Вечер, 27.6.)

48 „ВМРО-ДПМНЕ: Нема да дозволиме ниту еден чекор кој ќе значи намалување на казните за педофилија“ (А1Он, 25.6) и „ВМРО-ДПМНЕ: СДС не ги осудува и не се дистанцира од ставовите на Никола Шиндре“(А1Он, 27.6).

49 *„Истакнати членови на т.н. Шарена револуција промовираат омекнување на политиката кон педофилите. Остра реакција денеска стигна од ВМРО ДПМНЕ.“ (ТВ Нова, 25.6 – телевизијата не порталот)*

но и некои од поранешните антирежимски медиуми, произведуваат ист потенцијален медиумски ефект во овој случај. Споменатите текстови на Курир (5) одат подалеку во експлицитноста во која се конструира врската меѓу политичките структури, ЛГБТ-заедницата, педофилијата и манипулацијата. На пример, текстот „СДСМ ја правда педофилијата, дали на мала врата ни се подготвува озаконување?“ *(Курир, 25.6)* прави ваква конструкција: „Фактот што министерот за култура на Република Македонија отвора дискусии за ЛГБТ- заедниците и разговори во кои се релативизира педофилијата како кривично дело од најтежок вид, кажува дека Владата на СДСМ е отворена и за можни законски олеснувања, па дури и за легализирање на педофилијата, каде не би бил виновен педофил за силувањето, туку детето кое според логиката на поддржувачите на СДСМ е сексуално суштество и има потреба од сексуално општење на свои 12 и помалку години со лица на 50 -годишна возраст“ *(Курир, 25.6)*. Оваа еквиваленцијална стратегија ги поврзува сите структури врз кои политичкиот спонзор на Курир може да проектира антагонизирачко зло, за да може во популистичката логика на псевдодебатата во јаваната сфера сите тие да бидат лесна политичка мета. Медиумскиот ефект на ова врамување може да оди во насока на ставови кај публиката кои се нетолерантни кон ЛГБТ-заедницата, за која се сугерира дека е „перверзна“ и дека манипулира со тезата за одбрана на човековите права, на ист начин на кој тоа го прават и „СДС“ и „СОРОС“. Анализата на објавите во овој известувачки пункт покажува дека стигматизацијата и демонизацијата на ЛГБТ и нивното политичко вакуумирање во периодот на кој се однесува оваа анализа е доминантна карактеристика во медиумските објави во медиумите што беа спонзорирани од стариот режим, и покрај тоа што неговата фактичка политичка моќ на почетокот од оваа година почна да слабее. Но, исто толку е проблематичен наодот што и кај медиуми кои биле критички настроени кон режимот, или биле негови отворени непријатели, се забележува практика на репродуцирање на стигматизирачки популизам (преку неопониран трансфер на дискурс од политичкиот спонзор на рамката *Зла манипулација*). Тоа

**23 и 24 јануари** Објавена предлог-резолуција за реформскиот напредок на Македонија. Во текстот се вели дека „ЕП е загрижен и од нетолеранцијата кон лезбијките, геј, бисексуалците, трансродните лица и интерсексуалците (ЛГБТ)“ во Македонија. Во четири текстови, кои се однесуваат директно на овој настан, ЛГБТ се појавува како споредна тема. Во седум текста, кои воопшто не ја споменуваат предлог-резолуцијата, се напаѓа ЛГБТ за политичка манипулација.

**18 јануари** Изјава на предводникот на Викиликс, Џулиан Асанж, дека ќе им се предаде на американските власти доколку тие ветат дека ќе ја помилуваат Челси Манинг – трансродово лице. Темата е покриена површно, без да се разглобат импликациите од случајот, а во еден случај се појавува рамката перверзија.

**16 и 17 мај** Претставници на ЕК и на македонската влада ја поддржаа ЛГБТ-заедницаст на Денот против хомофобијата. Поддршката, која е реткост во Македонија – од медуимите што се емпатични кон ЛГБТ, едноставно е пренесена со изјавите од настаните и е незабележана од анти-ЛГБТ медиумите.

**22 март** Во Германија е отворен процес во кој државата го осудува прогонот на ЛГБТ-заедницата од нацистите. Медиумите во Македонија реагираат врамувајќи ја темата како прашање на човекови права. За прогонетите го употребуваат зборот „рехабилитација“ и не ја продлабочуваат темата.

**3–7 април** На овој пункт не постои некоја особено моќна дефинирачка тема за која се отвора дебата, но постои омнибус на текстови поврзани со смртта на Гилберт Бејкер, со солидарноста на холандските политичари со ЛГБТ-заедницата, итн.

**3 јуни** Во Македонија е извршена првата операција за промена на полот и таа вест е забележана во четири новинарски прилози/статии кои ја врамуваат како прашање на индивидуален идентитет.

**30 јуни** Германија ги легализира истополовите бракови. Македонските медиуми забележуваат и дека Меркел гласала против.

**18, 19 и 20 јуни** Известувачки пункт на кој се зборува за парадите на гордоста во Киев, Белград и ви Виена. Тема е и пресудата на Европскиот суд против Русија за поттикнување хомофобија.

**13 мај** Македонските медиуми реагираат на поставувањето на Брнабиќ за премиер на Србија и за критиките со кои се соочува Вучиќ поради сексуалниот идентитет на Брнабиќ.

**3–7 јули** На овој известувачки пункт беше отворено прашањето на истополовите бракови и, воопшто, правата на ЛГБТ од пратеникот на ДУИ Бранко Манојловски. Она што следуваше е комбинација на стигматизирачки, нелиберални и нетолерантни искази, од една страна, и површно новинарство, од друга, но и ретка можност да се да се види аргументирана отворена дебата. Во петте последователни денови беа регистрирани 37 статии, поларизирани меѓу рамките дискриминација, од една, и манипулација, од друга страна.

**25–27 јуни** На овој пункт агендата е наметната од ВМРО-ДПМНЕ. Реагирајќи на контроверзната колумна на Никола Шиндре во Окно. Преку, Вечер, Курир, Алфа и Нова ТВ направена е конструкција за наводно намалување на казните за педофилија. Текстовите на овој пункт се врамени како манипулација и перверзија. Се појавуваат 14 објави во овие три дена.




*Fig 1.3:*

–

**Фреквенција на текстови за ЛГБТ низ времето**

Со фокус надвор од Македонија

Со фокус на Македонија

кај нив не е одраз на финансиско-политичка добивка, туку повеќе одраз на мрзеливата новинарска култура.

Но, анализата на функционирањето на медиумската агенда на овој пункт открива и дека вниманието на активистите за човекови права и на припадниците на маргинализираните заедници во аргументацијата што ја користат за унапредување на вредностите во кои веруваат треба да биде сосредоточена, прецизна и разумна. Невешто склопените аргументи на застапниците за правата на ЛГБТ-заедницата може да бидат повод за симболичка мобилизација на нетолерантните и дискриминаторски елементи на македонското општество, кои потоа лесно можат политикантски да ја злоупотребат заедницата и за неа да конструираат слика што не е нејзина, туку е проектирана. Ова, се разбира, не е наод што сугерира автоцензура на смелите ставови кои произлегуваат од поддржувачите на заедницата, туку повеќе наод што ја истакнува потребата за добра аргументација на смелите ставови.

Конечно, индикативен е петтиот пункт, од 3 до 7 јули, поради тоа што доминантно прашање во него е политичката поддршка за унапредување на правата на ЛГБТ-заедницата поттикната од пратеникот на ДУИ Бранко Манојловски. Дискусијата беше отворена во периодот по завршувањето на „Неделата на гордоста“ и неколку дена откако беше објавена веста дека Германија ги легализира истополовите бракови (види Fig. 1.3). Во контекст на оваа динамика, ЛГБТ- заедницата доби неочекуван сојузник, пратеник од редовите на Демократската унија за интеграција, кој употреби едноставна аргументација за да објасни зошто општествената положба на ЛГБТ-заедницата во Македонија е непримерна и зошто ова општество треба да се стреми кон либералност во оваа сфера. Она што следуваше во јавната сфера е комбинација на стигматизирачки, нелиберлани, нетолерантни и неаргументирани искази од политички актери и медиумски работници, од една страна, и непродлабочено трансферабилно реактивно известување, од друга, но и ретка можност да се види отворање политички простор

(political space) за аргументирана дебата или, пак, за агонистичко[50] сопоставување, во кое се отвораат вистинските прашања.

Тематската анализа и анализата на рамките што се појавија во овој за миг отворен простор, покажува дека застапниците на ЛГБТ-заедницата ‘капитализираа’ единствено преку неколкуте објавени коментари (колумни), но дека известувањето во текстовите наклонети или емпатични кон ЛГБТ-заедницата е конзистентно со веќе анализираната линија на непродлабочено и сиромашно аргументирано пишување.




| | 03-07-17 | 04-07-17 | 05-07-17 | 06-07-17 | 07-07-17 |
|---|---|---|---|---|---|
| Дискриминација | 2 | 7 | 4 | 1 | 1 |
| Зла манипулација | 2 | 2 | 0 | 0 | 1 |
| Ид. вредност | 0 | 4 | 2 | 0 | 1 |
| Отпор/солидар | 0 | 1 | 0 | 3 | 0 |
| Перверзија | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |

**Fig. 1.4:** Дистрибуција на известувачките рамки во петте последователни денови по отворената поддршка на пратеникот на ДУИ, Брнако Манојловски.

50 Во рамките на Постмарксистичката теорија термиот агонизам или агонистички плурализам е темелно обработен кај белгиската теоретичарка Шантал Муф која сугерираше дека во суштина агонизмот ја прифаќа позицијата дека конфликтите се сеприсутни во општественото живеење и дека демократските процеси треба да обезбедат отворени арени на кои тие конфликти би се одвивале на ненасилен начин. Во оваа смисла агонизмот не е едноставно антагонизам.

Во петте последователни денови во кои оваа тема доби проминентност беа регистрирани 37 статии, од кои 32 беа директно поврзани со темата и беа поларизирани меѓу рамките што сугерираат, од една страна, дека проблемот со општествената позиција на ЛГБТ-популацијата е проблем на сеопшта дискриминација и проблем на узурпација на човековите права и, од друга страна, проблем на заговарачка зла манипулација (на СДС, СОРОС и слично) со тие позиции[51]. На графиконот е видлива дневната дистрибуција на известувачките рамки и од неа може да се деконструира динамиката со која тие се појавувале. Првата реакција од чекорот што го презеде пратеникот Манојловски е врамувањето на темата како прашање на дискриминација и прашање на зла манипулација и политички заговор. Интересно е тоа што, независно од доминантната тема тој ден (3 јули), Сител и Нова Македонија објавија статии кои забележуваат дека муслимански пратеници во Германија исто така гласале за легализација на истополовите бракови – од известувањето следува дека луѓе со претпоставено конзервативни разбирања за општествените прашања можат да поддржат либерални иницијативи. Овие текстови не се влезени во фреквенциите на објави поставени во графиконот, но се важни за врамувањето на случајот. Тие, практично, можат да се претворат (а, не се претвораат поради тоа што се површни и некохерентни) во моќен симболички капитал, кој може да конструира солидарност и отпор на ЛГБТ-заедницата, со тоа што ќе сугерираат дека сојузништва за заедницата се можни и преку идеолошките дихотомии на политичкиот либерализам и конзервативизам.

Следниот ден (4 јули) се кристализираат позициите за темата и излегуваат на површина конзервативните вредности во македонското општество, поради тоа што, покрај рамките *дискриминација* и *зла манипулација*, случајот се врамува во *вредносна* рамка што ги тангира семејните, религиските и идеолошките вредности. Се разбира, оваа кристализација не значи отворање на аргументира-

51 За односот меѓу овие две известувачки рамки види во делот на анализата на врамувањето.

на дебата за прашањето, туку подразбира манифестација на несовесен напад против маргинализирана група. На пример, пратеникот Мухамед Зекири остро ја нападна позицијата на Манојловски, а текстови како: „Зекири со цитати од Куранот против правата на ЛГБТ заедницата“ (А1Он, 4.7.) непонирано и дословно го цитира Фејсбук-статусот на пратеникот, во кој тој вели: „Проколнат нека е оној кој го прави тоа што луѓето од Лут го правеа (трипати) (Лут е пандан на Содома и Гомора и мажите што спијат со мажи се од овој град, а тој го проколнал трипати).“ Единствениот индикатор во текстот кој сугерира дека новинарот не се согласува со пратеникот е употребата на изразот „не му е првпат“ тој така да се однесува. Пратеникот со својата позиција шири нетрпеливост, меѓу другото, по основа на сексуалноста, а медиумот наместо да го отвори прашањето за стигматизацијата на заедницата, сеприсутноста на конзервативни ставови меѓу младата генерација политичари во Македонија, позицијата на моќ од која Зекири го изрекува ставот, што го прави уште подискриминирачки – тој едноставно го објавува неговиот Фејсбук статус и вели дека „не му било првпат“. Овој тип на површности во известувањето се однесуваат и на начините на кои се конструираат рамките – тие се, исто така, површни и не задираат во суштината на проблемите со тоа што аргументирано ќе ја деконструираат нетрпеливоста.

Медиумите кај кои е видлива тенденција на стигматизација на ЛГБТ и нивно поставување во контекст на псевдополитичка игра се доследни во негативното врамување, без исклучок – текстот на Курир *„ВМРО-ДПМНЕ: Граѓаните не гласаа за легализација на исто полови бракови, СДС и ДУИ кукавички го подметнаа овој предлог“* (4.7.2017), на пример, го трансферира говорот на спонзорот на рамката *зла манипулација*, во кој се зборува за таканаречените традиционални вредности, кои се користат како аргумент за узурпација на индивидуалните права – Курир конзистентно прави еквиваленција меѓу криминалот, перверзијата, „СДС“, „СОРОС“, ЛГБТ, корупцијата, меѓународните заговорници и слично. Меѓу индикативните објави тој ден е, на пример, и прилогот на

Алфа, кој сугерира дека според нештата изнесени на прес-конференцијата на спонзорот на рамката, дека „Македонија е традиционално општество каде што се негуваат семејните вредности. Предлогот на пратеникот од владејачкото мнозинство сам по себе е спротивен на волјата и на ставот на огромното мнозинство граѓани за брак како заедница на еден маж и на една жена". Изјава што е во спротивност со основните вредности на либералната демократија, според која мора да се прави баланс меѓу владеењето на мнозинството и одбраната на човековите права и недискриминацијата, особено на оние што се апсолутно малцинство. Но, такви аргументи во јавната сфера во Македонија речиси и не постојат и, во контекст на ЛГБТ, темите не се отвораат дури и од медиумите што веруваат во вредностите зад кои стојат застапниците на правата на маргинализираните.

Оваа тема, сепак, отвори политички простор за дебата преку два коментара пренесени во Слободен печат, во кои доминантно, покрај рамката човекови права/дискриминација, се појавува и рамката *Солидарност/отпор* – рамка што е многу важна за стратегиската поставеност на маргинализираните, а која, според наодите на ова истражување, редовно се конструира преслабо за да произведе значаен медиумски ефект.

Едната колумна[52], објавена на 6 јули, е насловена како „Отворено писмо до Мухамед Зекири", и таа доминантно конструира дискурс на отпор така што ја деконструира, во основа, дискриминаторската позиција на пратеникот на СДСМ. Проминентно место во текстот имаат три позиции: Прво, во кусото писмо се конструира моќна рамка на отпор кон нетолеранцијата, без да биде креиран беспродуктивен антагонизам со дискриминаторот – тој ефект е произведен преку контекстуализацијата на етнонационалните и на сексуалните идентитети на еднакво рамниште – двете се, според импликацијата во исказот на авторот – „идентитетска карак-

52 Автор на писмото: Ирена Цветковиќ.

теристика ". Следствено и логично, се наметнува прашањето зошто, ако во ова општество е не само политички некоректно туку и фашизоидно некој да каже дека е против некоја етничка група, истиот аршин не се применува и кон сексуалноста како „идентитетска карактеристика". Ваквите аргументации во конструкцијата на рамката на отпор во целиот известувачки период се целосно отсутни и тоа е причината зошто и наодите во оваа анализа сугерираат дека во македонската јавна сфера, дури и текстовите што се навидум во полза на ЛГБТ-заедницата, често пати се бесполезни, па дури и контрапродуктивни. Такво потребно спротивставување е видливо во оваа реченица од отвореното писмо: „Велите дека сте против хомосексуалноста. Што значи ова? Вие сте против нечија идентитетска карактеристика? Доколку јас кажам: 'Јас сум против Албанците', како ќе ме читате?"

Второ, писмото ја деконструира општествената позиција на моќ во која се наоѓа дискриминаторот. Дискриминаторските искази, во секој случај, се проблем, но тие се уште поголем проблем ако нив ги изнесува човек што има проминентна политичка функција, министер е или пратеник во Собранието. Во последниов случај тоа не само што е кажано од позиција на моќ туку и „[д]а се биде против една категорија луѓе, а истовремено да се биде пратеник, е возможно, но истовремено е некоректно".

Трето, сепак, другоста конструирана во претходните реченици – во лицето на другата конзервативна дискриминаторска и нетолерантна Македонија е транспонирана во рамка на солидарност или потрага по солидарност и градење коалиции. Реченицата: „На 17 мај голем дел од ЛГБТ-заедницата излезе на протестот пред Владата, давајќи поддршка на широкиот опозициски фронт. Влеговме со оптимизам и верба дека Македонија може да биде земја на сите. Останавме во кампот на слободата. Ден и ноќ. Заедно со другите. ЛГБТ-заедницата беше секој ден на протестите на Шарената револуција. Повторно, со иста верба и надеж." Ваков тип аргументации на рамката *солидарност/отпор*, но и рамката *дискриминација/човекови права* се исклучително ретка појава во периодот што е

предмет на анализа. Другата колумна, која е парадигматична за овој тип рамки, ќе биде анализирана во рамките на деконструкцијата на рамката *солидарност/отпор*.

## IV.3. Анализа на врамувањата (frame analysis) во медиумското покривање




**Fig 1.5** Медиумско присуство на секоја од изолираните рамки во кои е врамена ЛГБТ заедницата од 01.01 до 15.07. 2017 г.

Тематската анализа низ времето, елаборирана во претходното поглавје, во еден дел се базираше на анализа на известувачките рамки (frame analysis). Фрејм-анализата тргнува од претпоставката дека во оптек во јавната сфера циркулираат определени известувачки рамки, кои заклучуваат некој тип видување за прашањата што се обработени како медиумска содржина – известувачките рамки се дискурзивни јазли што сугерираат одредена интерпре-

тација на општествените проблеми и со тоа во себе енкапсулираат определени односи на моќ. Истражувањето имаше цел да ги изолира репертоарите на овие рамки во контекст на известувањето на ЛГБТ-заедницата и да укаже на тоа како секоја рамка функционира во поглед на односите на моќ – дали рамката се појавува како доминантна или периферна во однос на другите прашања што ги отвора статијата, да утврди кој е конструиран во известувачката рамката како 'антагонист', кој е произведен како 'жртва', каква акција за решавање на проблемот сугерира рамката, кои се сојузниците со кои таа сугерира дека треба да бидат направени коалиции и слично, но и да утврди како се рамките дистрибуирани низ временското протегање во медијатизираната јавна сфера.

Истражувањето изолираше седум известувачки рамки, со различна фреквентност на објавување, низ кои се конструираат дискурси за ЛГБТ-заедницата во медијатизираната јавна сфера: Рамка **(1)** *дискриминација/човекови права* (во 143 текстови); **(2)** *зла манипулација* (во 55 текстови); **(3)** *солидарност/отпор* (во 38 текстови); **(4)** *идеолошка вредност* (21 текст); **(5)** *насилство* (во 28 текстови); **(6)** *идентитет* (во 40 текстови); **(7)** тело (во 4 текстови)[53].

Во следново поглавје секој идентификуван тип на известувачка рамка е критички анализиран преку: (а) дефинирање на елементите и типовите на манифестација на секоја рамка; деконструкција на начините на кои функционира секоја од рамките и што сугерира таа во известувањето во македонските медиуми; (б) утврдување и анализа на фреквенцијата низ времето со која секоја од рамките се појавува во медиумските содржини во период од 196 последователни известувачки денови од почетокот на 2017 г. и (в)

53 Низ истражувањето се појави и рамката *спектакл*, која ги поставува претставниците на ЛГБТ-заедницата во естраден контекст, во контекст на забавен куриозитет, кој, исто така, во себе крие стигматизирачки тенденции. Сепак, поради тоа што ова во основа сензационалистичко врамување е темелно анализирано во претходни истражувања во Македонија, овде нема да се осврнеме на неа. Тоа не значи дека не постои, туку напротив – беа регистрирани 23 текстови што оперираат доминантно во оваа рамка, а таа како споредна провејува низ повеќе други објави.

дискурзивна анализа на парадигматичните текстови во кои како доминантна се појавува секоја рамка.

### IV.3.1. Дискриминација/човекови права (Discrimination/ Human Rights Frame)

#### а) Дефиниција и деконструкција на елементите и типовите на манифестација на рамката

Рамката *дискриминација/човекови права,* регистрирана во 143 статии, е апсолутно доминантна во известувачкиот период за прашањето на општествената позиција на ЛГБТ-заедницата. Рамката *дискриминација/човекови права* го дефинира прашањето за општествената позиција на ЛГБТ-заедницата примарно како прашање на човеково право и во својата идеално типска форма се обидува да ги детектира начините на кои ЛГБТ-заедницата во едно општество е дискриминирана. На овој начин оваа рамка би требало да функционира во полза на унапредување на правата на ЛГБТ-заедницата. Кај новинарските текстови што конструираат позитивен или неутрален став кон ЛГБТ-заедницата, а кои operираат доминантно во оваа рамка, постои тенденција во својата аргументација да ставаат тежиште на државната узурпација на индивидуалните права на припадниците на заедницата, на поткопување на нивните права на здравствена заштита, на дискриминаторските законски рамки, на неказнивост на нападите врз заедницата, на начините на кои хетеронормативните општества ја демонизираат оваа заедница, итн.

Оваа рамка на тој начин треба да сугерира структурна општествена критика[54] во која е можно да се конструира линија на антагонизам меѓу припадниците на оваа заедница и групите за човекови

54 Во крајна линија, рамката дискриминација/човекови права може да се претвори во дискурзивен конструкт на виктимизација – кога, на пример, во структурната критика во текстот има експлицитна референција на „жртвеност“ на припадници на ЛГБТ.

права, од една страна, и дискриминаторската држава и затворено-то општество, од друга. Или, елаборирано со помош на оперативната дефиниција на Ентман: Силната варијанта на оваа рамка би требало (1) да ја дефинира темата поврзана со ЛГБТ како проблем на непочитување на човеково право, потоа треба (2) прецизно да лоцира кој е одговорен за таа узурпација, но и аргументирано да ги деконструира стожерните елементи на таа одговорност, (3) да утврди на кој начин претставниците на ЛГБТ-заедницата имаат морална предност пред узурпаторите на човековите права, и (4) да сугерира акција што може да оди на линија на отпор или на создавање сојузништва во борбата. Но, дали овој очекуван и потребен ефект кој треба да го има оваа рамка е произведен во медиумското покривање во Македонија? Ова поглавје сугерира дека тоа не е случај.




Fig. 1.6. Фреквенција на варијантите на рамката дискриминација и нејзиниот негативен пандан, рамката зла манипулација, според географската локација на која се однесува текстот во кој е препознаена

Во анализата изолиравме три варијанти во кои се појавува оваа рамка во 196-те последователни известувачки денови (Fig 1.3):

- *Општествена стигма*: Во оваа варијанта на рамката *дискриминација/човекови права* прашањата за ЛГБТ-заедницата се гледаат низ призмата на општествената демонизација со која се соочуваат нејзините припадници. Таа во истражувањето е препознаена во 32 текста. Неколку примери на искази илустрираат во каква форма се појавува оваа варијанта на рамката „*дискриминација/човекови права*:

  „Да се биде млад и различен во Македонија е дополнително проклетство. И со оваа констатација ќе се согласат десетиците илјади млади ЛГБТ луѓе кои на своја кожа ја почувствувале грдата и насилна страна на училишната средина“ (Нова ТВ, 13.1).

  „Со дискриминација се запознав на млади години. Со денови сакав да ја кажам мојата вистина и еден ден ја кажав. Се соочив со дискриминација, страв и предрасуди[…]“ (Плусинфо, 19.6.2017).

- *Државно спонзорирана дискриминација:* Во случаите кога прашањето на дискриминацијата во статијата или во прилогот се гледа како прашање на државно спонзорирана практика. На пример, кога во текстот ќе бидат истакнати прашањата за неказнивост на насилството против заедницата, прашањата за јавната стигматизација на власта или некој моќен политички актер кон припадници на ЛГБТ, кога акцентот во текстот е ставен на поддршката на јавните дисеминатори на говор на омраза против заедницата, итн. Оваа рамка се појавува во 50 текстови поврзани со општествената позиција на ЛГБТ-заедницата. Неколку примери на искази илустрираат во каква форма се појавува оваа варијанта на рамката *дискриминација/човекови права*:

  „Русија се обвинува дека со примената на овој свој закон, практично, забранила каква било толеранција или поддршка за хомосексуалната заедница“ (Алсат М, 20.6).

  „Земјите-членки на ЕУ се справуваат со дискриминацијата и говорот на омраза засновани на сексуалната ориентација и родовиот идентитет, кои претставуваат горливи проблеми во македонскиот контекст (А1он, 16.5).

- *Еднаквост:* Оваа варијанта на рамката *дискриминација/човекови права* експлицитно реферира[55] на прашањето на еднаквоста на припадниците на ЛГБТ и се појавува во 61 текст. Во оваа рамка, на пример, се кодирани текстови или сегменти од текстови кои го поставуваат прашањето на истополовите бракови како прашање на тоа дали пред законот сите луѓе се еднакви? Или, ја бранат тезата дека истополовите бракови се прашање на либералната вредност – еднаквост.

  „ Нашиот став како влада, но и како политички партии, е почитување на различностите и градење на еднакво општество за сите“ (Либертас, 5.7).

Пред да анализираме како функционира оваа рамка во медиумското покривање во 196 последователни денови од 1 јануари до 15 јули 2017 г., даваме објаснување за негативниот пандан на рамката *дискриминација/човекови права.*

### IV.3.2. Зла манипулација (Evil Manipulation Frame)

#### а) Дефиниција и деконструкција на елементите и типовите на манифестација на рамката

Рамката зла манипулација не е во строга смисла на зборот рамка што аргументирано, но негативно го дефинира прашањето за позицијата на оваа заедница како прашање на човекови права или на дискриминација. Таа не се обидува, на пример, да покаже дека можеби она со што се соочува ЛГБТ-заедницата е некој тип дискриминација, туку дека постојат многу поважни типови на дискриминација кои имаат предност – што би можело да биде сметано за негативен фрејминг на ЛГБТ во контекст на човековите права. Таа, напротив, го истакнува проблемот со ЛГБТ како проблем на манипулација со тезата дека овде се работи за прашање на дискриминација. Вообичаено, текстовите што функционираат во оваа

55 Експлицитно значи дека текстот употребува реторички средства и лексика што отворено сугерира постоење на нееднаквост.

рамка го бранат тврдењето дека ЛГБТ-активистите се дел од голем заговор, како странски платеници што се обидуваат однатре да го разорат македонското општество. Во неа се кријат популистичко-националистички тези, кои речиси секогаш се индикативни за нивото на јавно манифестирана омраза, кое беше норма во рамките на хибридниот режим. Оваа рамка често се јавува во силна форма, која не нуди аргументација, туку прави манипулативна конструкција на еквиваленцијалност[56]. Затоа, во анализата на оваа рамка е ставен негативен предзнак и таа е сопоставена со рамката *дискриминација/човекови права* на начин на кој сугерира дека таа рамка е манипулативна – се појавува во 55 текстови, главно поврзани со Курир, но ја има и во други објави, како што беше елаборирано во претходното поглавје:

„Тој ја најавуваше месец дена однапред, пуштајќи непроверени информации кои медиумите на СДСМ/Сорос без проблем ги ширеа: дека имал домашни и странски делегати, дека кандидати за претседатели биле 4-ца, па останале двајца – Боки и познат академик – и дека на крај Боки 13 победил пред академикот, па станал претседател на новата невладина која сосема сигурно власта ќе се обиде да ја искористи и за нешто друго освен за тоа да му го подобрува имиџот на Боки 13 давајќи му можност да посвојува деца“ *(Курир 11.7.)*[57].

„Изминативе денови одеше платена кампања и реклама низ цела Македонија преку платени огласи на Фејсбук, а се работеше за веста за отвореноста на Зоран Заев кон дебата и прифаќање на

56 Laclau, E. (2005). On populist reason. Verso. London.
57 Оваа рамка ја има во значителен број текстови на Курир, но понекогаш се појавува и на медиуми што беа апологети на стариот режим: „Ѓорчев: Омнибусот на СДСМ еродира, ја добија власта, а сега не знаат за што се и што да прават“; „ЛГБТ сајт од Македонија почна со платена кампања и реклами, порачуваат дека Зоран Заев е отворен за хомосексуални бракови и посвојување деца во РМ“; „Фросина Ременски од СДСМ со силна поддршка и аплаузи за ЛГБТ активистот Боки 13, лично присуствуваше на објавата за посвојување три деца“; „Измислениот Меѓународен сојуз на Боки 13 е основан истиот ден кога тој е избран за претседател (ФОТО)“; „Дали Заев и МПЦ разговараа за легализација на хомосексуалните бракови и за спорот со СПЦ?“

легализација на хомосексуалните бракови, кои после тоа ќе можат да посвојуваат мали деца“ *(Курир, 9.7)*

„Неосудувањето на ставовите за поддршка на педофилијата, додава, значи нивно прифаќање. Оттука, не е ни чудно што Шиндре бил говорник на настан што го отворил министерот за култура Роберт Алаѓозоски, а на кој главна тема биле ЛГБТ лицата“ *(Курир, 27.6)*.

Како што може да се забележи од овие неколку примери, во некои случаи текстот кој функционира во оваа рамка многу повеќе личи на дискурзивно манифестирана општествена патологија, отколку начин на врамување. Комуникологијата, психологијата и социологијата би добиле многу важни податоци кога би имале можност да истражат каква психолошка заднина има ваквиот напад на ткаенината на јавната сфера и во каква редакциска динамика (ако воопшто има некаква редакција) се случува производството на текстовите. Рамката *зла манипулација* во оваа појавност манифестира говор на тешки случаи на демонизација и стигматизација на ЛГБТ-заедницата, што сугерира дека таа рамка во македонскиот медиумско-политички контекст е главен носител на говорот на омраза.

### (б) Анализа на фреквенцииите на појавност на рамките „дискриминација/човекови права“ и „зла манипулација“ низ времето

Бидејќи рамките *дискриминација/човекови права* и *зла манипулација* беа детектирани како контрапунктови, кои спротивставено го гледаат прашањето на дискриминацијата и прашањето за човековите права на оваа маргинализирана заедница, на fig 1.7 тие се сопоставени низ времето (во последователните 196 дена).

Наодите од таквата анализа зборуваат многу за тоа кога и како се мобилизираат овие две рамки. Од Fig. 1.7 произлегува дека рамката *дискриминација/човекови права* добила поголема фреквен-

*Fig 1.7:*

–

## Фреквенција на рамките „дискриминација“ и „манипулација“ низ времето.

Дискриминација - „неутрални и позитивни кон ЛГБТ“

Зла манипулација - „негативни кон ЛГБТ“

Видливоста на рамката се должи на колумната „Во училиште нема место за различните“ (13.1), истовремено пренесена на неколку портали – Либертас, ТВ Нова.

Објавената предлог-резолуција за реформскиот напредок на Македонија, во која се изразува загриженост за нетолеранцијата кон ЛГБТ, е доминантно времена во рамката дискриминација.

Видливоста се должи на текстови во кои се зборува за поддршката на ЛГБТ Македонија за ЛГБТ-центрите во Хрватска, поради нападот врз нив. Фреквенцијата на рамката е овозможена од А1Он, Нова ТВ и Плусинфо.

Словенија ги озакони истополовите бракови, и рамката човекови права станува видлива преку Нова Македонија, Слободен Печат и 24 Вести

Видливоста на рамката се должи на одлуката на Германија да ги прогласи осудителните пресуди против ЛГБТ после II Светска војна за неважечки и да им исплати компензација на жртвите.

Рамката е мобилизрана во контекст на апсењата во Москва на група активисти за ЛГБТ-права. Објавена е во Нова Македонија, А1Он и Плусинфо.

Непосредно пред и за време на Денот за борбата против хомофобијата, медиумите ја пренесуваат пораката на високата европска претставничка Могерини.

Рамката е мобилизрана од дебатата и конзервативната реакција во Србија на назначувањето на Брнабиќ за премиер на таа држава.

Најголема фреквенција на оваа рамка имаше во моментот кога пратеникот на ДУИ Манојловски ја поддржа ЛГБТ-заедницата. Навидум ова изгледа како искористена опртунитетна структура, но анализата покажува употреба на слаби известувачки рамки во покривањето на случајот. Овој случај покажува колку силни опортунитетни структури се јавните поддршки на политички актери за проминентноста на рамката човекови права, но покажува и дека медиумите мора да направат повеќе за нејзино промовирање.




Видливоста на рамката манипулација се должи на текстовите: „Му скандираат ВМРО-ДПМНЕ, Заев воодушевен одобрува“ и „ЛГБТ активисти организираа протест пред куќата на Мајк Пенс, го ‘поздравија’ со погрдни зборови“ (Курир).

Видливоста на рамката манипулација се должи на текстовите: „Брајтбарт: Групи финансирани од Сорос стојат зад протестот Марш на жените против Трамп“ и „Македонци, разбудете се“ (Курир).

Оваа рамка се појавува делумно поради реакцијата на Филип Петровски на укажувањето на Хелсиншкиот комитет за ширење омраза. „Петровски: Целосно го отфрлам обвинението од Уранија Пировска, нема да дозволам никој да ми го забрани правото на политички став и слобода на говор.“

Видлива во текстови како: „Фросина Ременски од СДСМ со силна поддршка и аплаузи за ЛГБТ активистот Боки 13, лично присуствуваше на објавата за посвојување три деца.“ Ја заострува реториката како одговор на Манојловски

Видливоста на рамката манипулација се должи на текстовите како „Соросовите активисти од Балканот со поддршка на протестите против Доналд Трамп во САД“ (Канал 5) и повеќе текстови на Вечер и Курир, и таа се појавува симултано со медиумското покривање на европската предлог-резолуција, која сугерира загриженост за состојбата на ЛГБТ во Македонија.

Рамката се мобилизира како реакција на колумната на Шиндре. И овде конзистентно е произведен еквиваленцијален синџир меѓу политичкиот опонент, Сорос, педофилијата и ЛГБТ.

ција во анализираниот период кога: (1) прашањето за општествената позиција на ЛГБТ е отворено од нивни редовни застапници, каков што е случајот со пунктот на 13 јануари; (2) кога зад вредностите на правдата, слободата и еднаквоста во јавноста ќе се појави моќен поддржувач од транснационална организација, каков што е случајот со Вајгел и Могерини во известувачкиот период; (3) кога се појавува случај од странство, кој укажува на либерализација на односот на државата кон ЛГБТ-заедницата; и, особено фреквентна оваа рамка станува кога – (4) домашни политички актери застануваат макар и во вербална поддршка на оваа маргинализирана група. Во ниту еден случај во целиот известувачки период не се појавува тема што ја турка самиот медиум како интересна за анализа, а која функционира во рамката *дискриминација/човекови права*. Интересно е што тоа не се случува и кога според професионалните правила има опортунитетна структура за да се случи. На пример, кога во редакцијата на медиумот пристигнува вест дека во две европски држави (Германија и Словенија) се озаконуваат истополовите бракови, тоа не создава потреба кај таа редакција да го отвори истото прашање во македонски услови и, притоа, да го анализира од различни аспекти, оперирајќи со вариетет од жанрови – на пример, анализа, интервју, коментар и слично. Едноставно, манифестацијата на рамката *дискриминација/човекови права* се сведува на слабо пренесување на тезите на некој од вообичаените спонзори на рамката. Во услови кога како спонзор на оваа рамка се појавува невообичаен актер – како, на пример, претставник на македонската влада (како министерот за култура или за информатичко општество), медиумот што е емпатичен кон рамката не капитализира на поводот за нејзиното појавување, па така, оваа рамка се појавува со голема фреквенција низ времето, но таа ја нема супстанцијата што е потребна за да може да ја деконструира државната и општествената стигматизација и дискриминација на оваа маргинализирана група.

Од друга страна, рамката „зла манипулација“ излегува секогаш во истата репетитивна предвидлива појавност, со простата теза

дека „СДС“, „СОРОС“, ЛГБТ и сл. се лошите педофили, кои се финансирани од странство за да ја уништат Македонија, и таа рамка тежнее да направи какофонија, пред сѐ, во онлајн-сферата во овој известувачки период. Во минатото таа рамка успеваше да направи хегемонија во јавната сфера.

### (в) Дискурзивна анализа на најпарадигматичните текстови во кои како доминантна се јавува секоја рамка

За дискурзивна анализа „интересен“ текст кој функционира во рамката „зла манипулација“ е текстот на Курир *„ЛГБТ сајт од Македонија почна со платена кампања и реклами, порачуваат дека Зоран Заев е отворен за хомосексуални бракови и посвојување деца во РМ“*. Се состои од наслов и два параграфи, и секој од нив конструира дерогативни репрезентации за ЛГБТ. На пример, еден од параграфите вели: „Изминативе денови одеше платена кампања и реклама низ цела Македонија преку платени огласи на Фејсбук, а се работеше за веста за отвореноста на Зоран Заев кон дебата и прифаќање на легализација на хомосексуалните бракови, кои после тоа ќе можат да посвојуваат мали деца“. Параграфот јасно го изолира Заев како носител на манипулацијата – примарната цел на политичкиот спонзор на оваа рамка на порталот Курир не е ЛГБТ-заедницата самата по себе, туку политичкиот опонент Заев. ЛГБТ-заедницата тука е поставена во улога на заднински играч, кој со лукративна стратегија, реторички сигнализирана со репетитивност на глаголот „платен“ и неговите деривати – „платена кампања“, „реклама“ и „платени огласи“ – се обидува да ја промовира својата кауза. Она што се имплицира од оваа позиција е тоа дека е каузата „перверзна“, што е видливо особено преку употребата на придавката „малите“, пред именката „деца“ – авторот имал потреба во синтаксичката структура да ја постави оваа, инаку, редундантна придавка (оти децата се секако „мали“), со цел да укаже на тоа дека тие се беспомошни и може да бидат посвоени од лукративна и перверзна група луѓе. Визуелниот репертоар на текстот се состои од четири фотографии од групи, собрани на геј-парада,

и фотографии на кои има луѓе од ист пол на кои јавно манифестираат љубов, а веднаш под нив поставени се неколку фотографии на деца додека си играат. Рамката сугерирана од насловот имплицира дека прашањето за правата на ЛГБТ да склучуваат бракови и да посвојуваат деца е подла манипулација, и таа рамка низ текстот се претвора во врамување кое ја репрезентира ЛГБТ-заедницата како „перверзни луѓе со имплицирано педофилски чувства". Имајќи ја предвид целата слика на врамувањата на Курир, и овој текст произведува евиваленцијален синџир, во кој политичката опозиција, педофилијата и ЛГБТ-активизмот се едно исто.

Во целосно функционална форма рамката *дискриминација/човекови права* е забележлива во само неколку коментари и колумни што се веќе анализирани во рамките на овој текст. Големо мнозинство манифестации на оваа рамка, сепак се наоѓа во текстовите кои се објавени во форма на вести и извештаи и тука, во функција на анализата на начинот на кој функционира оваа рамка во македонскиот медиумски контекст, треба да се каже дека таа не успева да ги помести границите на размислување на патријархалното општество и да ја предизвика дискриминаторската држава. Таа, секако, го дефинира проблемот на општествената позиција на ЛГБТ како проблем на човекови права и дискриминација, но не оди подлабоко во тоа да деконструира што значи тоа. Наодите на ова истражување укажуваат на неколку показатели, кои сугерираат дека оваа рамка во известувањето е површно поставена, и покрај тоа што е насочена кон толеранција, и дека, и покрај тоа што е таа насочена кон одбрана на правата на ЛГБТ-заедницата, таа е плитка и како таква може да се претвори во проблем, наместо да биде решение

Роберт Ентман тврдеше дека рамката, покрај тоа што нуди дефиниција на проблемот, уште и сугерира каузалитет на дефинираниот проблем – односно, укажува на тоа од каде доаѓа проблемот што е дефиниран со врамувањето. Наодите во ова истражување покажуваат дека мнозинство од текстовите, кои функционираат

доминантно во рамката *дискриминација* и имаат неутрална или позитивна позиција на новинарот кон ЛГБТ-заедницата, воопшто не лоцираат каде е изворот на проблемот кога станува збор за узурпацијата на човековите права на заедницата и за нејзината дискриминација. Многу почесто употребуваат безлични флоскули, како тоа дека се „зголемила дискриминацијата“ или дека ЛГБТ-луѓето се загрозена група граѓани или, пак, користат (честопати само пренесуваат) општи оцени, на пример: „Акцент ќе се стави на усогласувањето на македонското со законодавството на ЕУ, примената и почитувањето на Европската конвенција за човекови права“[58]; или: „Ставот на Владата е почитување на различностите и градење на еднакво општество за сите.“[59] Овие општи места, пренесени единствено од изјави на прес-конференции, без аргументирано да се продлабочат и така да се утврди изворот на проблемите, се сериозен недостаток, поради тоа што прашањето за лоцирањето одговорност го сведува на општа забелешка, по која е неможно да се лоцира виновникот, т.е. антагонистот во приказната. Дури и во статиите во кои има обиди да се лоцира таков каузалитет, тоа е направено на плиток и површен начин, што сериозно ја слабее силината на рамката и прашањето на кршењето на човековите права го сведува на една статистика, која ништо не значи во севкупната слика во јавната сфера. Медиумските текстови кои функционираат во рамката *дискриминација/човекови права* не одат подалеку од тоа да пренесат што кажал некој застапник и не се впуштаат во супстантивизирање на општиот заклучок на застапникот - не го контекстуализираат, ниту пак, го деконструираат, туку само го трансферираат. За пример може да се земе еден извештај на Плусинфо[60], кој е малку подолг текст, за разлика од огромното мнозинство текстови што содржат само три параграфи на определена тема. Избран е не поради тоа што по-

---

58 *„Македонија и состојбата со ЛГБТИ-правата низ призмата на евроинтеграциите (А1он, 16.05.2017)*

59 *„Заев за хомосексуалците: Ставот на Владата е почитување на различностите и градење на еднакво општество за сите“ (Либертас 05.07.2017)*

60 *„Могерини: Истополовите односи се уште се кривично дело во 70 земји“(Плусинфо 05.07.2017)*

добро ја одразува оваа рамка туку поради тоа што покажува дека дури и во подолги текстви е запазена практиката на површност во известувањето. Се работи за извештај преработен од МИА, за говорот на Високата претставничка на Европската унија за надворешна и безбедносна политика, Федерика Могерини, по повод Меѓународниот ден за борба против хомофобијата. Текстот во осум параграфи едноставно пренесува неколку поенти кои Високата претставничка ги издвоила како важни елементи на дискриминација и борбата за правата на ЛГБТ-заедницата, осврнувајќи се на фактот дека „во 70 земји во светот истополовите односи сѐ уште се кривично дело , за што некаде следува и смртна казна“, дека „заедно со милиони луѓе од целиот свет, ЕУ го прославува овој ден против хомофобијата, трансфобијата и бифобијата и ги потсетува владите на нивната обврска за промовирање на универзалноста на човековите права“, дека „ во последниве години е направен значителен напредок во целиот свет за унапредувањето и остварувањето на човековите права на лезбејките, хомосексуалците, бисексуалците, трансродните лица и интерсексуалците (ЛГБТИ)“ и дека за тоа особена заслуга имаат „храбрите активисти кои работат за унапредување на еднаквите права на ЛГБТИ-лицата“. Овие поенти изнесени од политички актер, медиумот едноставо ги пренсува и тие прават текстот да функционира во рамката *дискриминација/човекови права*. Но, медиумот не оди понатаму во тоа да деконструира што значат овие пораки, а тоа не е направено во ниту еден друг текст на овој портал тој ден, иако секоја од овие пораки на Могерини, потенцијално е опортунитетна структура за да се произведат повеќе од една анализа или истражувања поврзани со оваа маргинализирана група – на пример компаративно какви уредувања имаат земјите во кои хомосексуалноста е кривично дело? Кога и под кои услови била декриминализирана хомосексуалноста во Македонија? Каква борба била потребна за тоа? Што значи за ЛГБТ-заедницата, обврската која ЕУ им ја дава на владите да ги подобрат правата на оваа маргинализирана група? На кои сѐ начини активистите ги поместуваат границите на отпорот против узурпацијата на човековите права во Македонија?

Кога би биле одговорени, овие мноштво недопрени, а важни прашања, би ја зајакнале рамката *дискриминација/човекови права*. Наместо тоа, опортунитетната структура која ја отвора говорот на Могерини е веројатно од публиката да се перцепира како само уште еден говор на европски политичар кој не значи ништо за секојдневниот живот.

## IV.3.3. Солидарност/отпор (Solidarity/ Resistance Frame)

### а) Дефиниција и деконструкција на елементите и типовите на манифестација на рамката

Елементи што сугерираат преземање акција за општествена промена во која и да е насока, во идеално типската форма - според оперативната дефиниција на Ентман - би требало да има во секоја рамка. Но, има текстови што го ставаат прашањето на отпорот или на солидарноста со ЛГБТ-заедницата на проминентно место, и во таа смисла често пати сугерираат каков организиран стратегиски чекор е потребен за надминување на субалтерната позиција во која се наоѓа оваа маргинализирана група. Оваа рамка е многу важна за секоја маргинализирана заедница, оти во неа „виктимизацијата“ е заменета со активна потрага по деконструкција на „традиционализмот“, на кој, во суштина, се гледа како на еуфемизам за омразата и нетолеранцијата, или во потрага по тактичка опортунитетност за да се случи таа промена. Оваа рамка, исто така, може да сугерира каде и како би можеле да се лоцираат сојузниците во борбата против дискриминацијата по сексуална основа. Таква е идеално типската дефиниција на рамката солидарност/отпор, но во македонската јавна сфера во селектираниот период, со исклучок на неколку текстови, таа се јавува во форма во која на недоволно длабок начин ја дефинира потребата за отпор, не имплицирајќи како треба да изгледа тој отпор, не дефинирајќи ги јасно линиите на антагонизам, ниту пак, дефинирајќи кои се

сојузниците во процесот[61]. Овие елементи тешко можат да се најдат во новинарските производи, бидејќи тие не почиваат на принципите на аналитичкото и истражувачко новинарство. Затоа, оваа рамка почесто може да се најде или во некои од колумните што се пишуваат најчесто од страна на ретките застапници на правата на ЛГБТ-заедницата или, пак, во текстови во кои едноставно површно се пренесува акцијата на некој од сојузниците во борбата за правата на ЛГБТ-заедницата ,како на пример во овој:

> „Холивудската актерка повторно го критикуваше американскиот претседател Доналд Трамп, овојпат на хуманитарна вечера 'Кампањи за човекови права', една од водечките организации во САД за заштита на ЛГБТ личности. Говорејќи, Стрип изјавила дека секој треба да се спротивстави на 'браон кошуљаши, ботови и полоши појави'.
>
> – Ако мислевте дека луѓето биле луди зашто мислеле дека владата ќе им го земе оружјето, почекајте да се обидат да ни ја земат среќата. Не сакаме да се вратиме на старите денови на незнаење и репресија и да криеме кои сме – рекла Мерил Стрип“ *(Слободен печат, 13.2.2017)*.

Или:

> „Мажите ширум Холандија се држат за раце во солидарност со еден геј пар кој во неделата (2 април) во источниот град Арнем беше брутално нападнат од страна на група од шест до осум мажи кои ги виделе како се држат за рака“ *(Либертас, 4.4.2017)*.

## (б) Анализа на фреквенцијата на појавност на рамката

Во вкупниот број текстови оваа рамка, иако најчесто во исклучително слаба форма, е препознаена во 37 текстови[62]. Овој фрејминг се појавува во контекст на теми во Македонија во 12 случаи[63], што покажува дека е поверојатно рамката да се појави во услови кога се известува за тема надвор од Македонија. Исто така, ова укажува на можен заклучок дека во услови во кои во Македонија за првпат

61 Во оваа анализа ваквата карактеристика на рамките значи дека тие се јавуваат во „слаба форма“.
62 А1он (6), АлсатМ (1), Вечер (1), Либератс (8), Нова Македонија (2), Нова ТВ (3)
63 Од кои четири во Плус Инфо и три во Слободен печат

се видливи знаци на солидарност и макар и вербална поддршка за ЛГБТ-заедницата од моќни политички актери – владини претставници, пратеници, јавни личности итн. – медиумите не успеваат да ја капитализираат таа поддршка и да конструираат дискурси што ќе можат да се ѝ се спротивстават на аргументиран начин на хетеронормативната општествена поставеност и на системската дискриминација. Ова важи и за медиумите што во својата известувачка практика имаат историја на манифестација на симпатии кон борбата на ЛГБТ-заедницата.

### (в) Дискурзивна анализа на парадигматични текстови

Во контекст на оваа рамка, мал исклучок од генералната тенденција се две колумни објавени на Слободен печат, кои конструираат динамика на отпор, во смисла на спротивставување на омразата (овојпат изнесена од пратеник во Собранието на Македонија) и динамика на солидарност и потрага по сојузници. Едната е веќе анализирана во контекст на претходно поглавје[64]. Другата куса колумна[65] се обидува да посегне по солидарност и сојузништво на двата краја од идеолошкиот спектар. Прво вели: „Во изјавата на премиерот Заев се забележува дека владејачката партија е отворена за дебата и решенија на статусот на ЛГБТ-заедниците и дека истапот на еден од потпретседателите на партијата, Мухамед Зекири, е изолиран случај. Но, јавноста очекува похрабар и порешителен однос кон дискриминацијата и насилството со кое се соочуваа и сè уште се соочуваат хомосексуалците, лезбијките и другите во Македонија.“ Овој повик е за дополнителна поддршка и добредојден е, ставен во контекст на измените во регулативата, кои се однесуваат на дискриминацијата во Македонија (земени се примери од Албанија). Второ, изгледа (барем на прв поглед) дека кусиот текст се обидува да посегне по алијанси на отпорот онаму каде што е најтешко да се дојде до сојузник – во редовите на сегаш-

64 Ирена Цветковиќ: Отворено писмо до Мухамед Зекири (Слободен печат, 06.07)
65 Џабир Дерала: Ајде конзерви, отворете се! (Слободен печат, 07.07)

ната конзервативна опозиција: „А, сега е време и 'конструктивните', модерни и прогресивни опозициски пратеници, ако има такви, да покажат дека се во чекор со времето и со светските трендови. И онака јавноста добро знае дека дел од нив приватно ѝ припаѓаат на ЛГБТ-заедницата. Ајде конзерви, отворете се!" Реторичките маневри на сарказам во оваа реченица ја слабее инаку важната порака што треба да биде испратена – на ЛГБТ-заедницата ѝ требаат сојузници и во рамките на конзервативните политички структури, каков што е случај во либералните демократии во кои конзервативните партии имаат проминентни членови кои се дел од ЛГБТ-заедницата. Таквите сојузништва не би биле само прагматична и опортунитетнта поволност за ЛГБТ, туку многу посуштински – таквите сојузништва би можеле да бидат можност да се поместат границите на конзервативизмот кон либералниот центар, надвор од дискриминаторскиот хетеронормативизам, кој е често дел од популистичката и националистичка десница. На ЛГБТ-заедницата ѝ е потребен не само дискурзивен агонизам[66] за да ги артикулира јавно и јасно своите позиции, но исто така, потребна ѝ е солидарност онаму каде што досега таа не постоела.

## IV.3.4. Идеолошка вредност [Value Frame]

### а) Дефиниција и деконструкција на елементите и типовите на манифестација на рамката

Рамката *идеолошка вредност* го поставува прашањето за општествената положба на ЛГБТ како прашање на идеолошко уверување. Во текстовите што доминантно оперираат во оваа рамка, прашањето на либералната толеранција и недискриминација е ставено во сопоставен однос со традиционалистичкиот столб на општеството, библиските или вредностите на Куранот, прашањето на одбрана на семејните вредности „кои се под закана" и слично.

66 *За терминот видете ја фуснота 50.*

Оваа рамка може да има позитивна и негативна позиција кон ЛГ-БТ-заедницата во зависност од идеолошката линија што ја брани текстот. Затоа, врз основа на анализата, оваа рамка е изолирана во две подваријанти, кои, иако се многу моќни кога станува збор за врамувањето на ЛГБТ во либералните демократии[67], сепак, во Македонија се исклучително слаби (со исклучок на неколку текстови).

*Традиционални вредности:* Оваа варијанта на рамката идеолошка вредност зборува за позицијата на ЛГБТ-популацијата во општеството низ призма на она што доминантно се смета за прифатена традиционална вредност. Вообичаено, оваа рамка крие негативен фрејминг за ЛГБТ-заедницата, поради тоа што неа му ја спротивставува на традиционалното општество, во кое таканаречените семејни или христијански/муслимански вредности стојат на пиедесталот. Оваа варијанта на фрејмот *идеолошка вредност* во македонската јавна сфера е слаба, што стратегиски би требало да биде корисно за ЛГБТ-заедницата, но честопати оваа рамка може да западне во дискурс на омраза и слабата аргументација против ЛГБТ да се претвори во манифестација на вербално насилство, па и говор на омраза. Еве еден пример кој ја илустрира оваа варијанта на известувачката рамка:

> „Јас имам објавено повеќе од 31 илјада твитови и тоа претежно се политички ставови, јас сум тврд десничар, конзервативец, анти-ЛГБТ, антилиберал и антивредности коишто тие сакаат да ги наметнат во општеството, рече Петровски“ (Курир, 20.3.2017 .

*Либерални вредности:* Кога рамката *идеолошка вредност* е аргументирана низ призма на либерална позиција кон ЛГБТ-заедницата, и идеолошка одбрана на нејзините права, независно од која страна доаѓаат текстовите, се смета дека ја носат подрамката *либерални вредности*. Оваа рамка е исто така моќна во средини во кои има повисоко ниво на медиумска писменост, но

67 *Површноста на рамките во кои се презентираат тезите во текстовите во македонските медиуми е можеби еден од централните наоди на фрејминг-анализата.*

медиумите што се предмет на оваа анализа не успеваат да изградат аргументи кои се базираат на идеолошката основа на одбраната на правата на ЛГБТ-заедницата. Текстовите што се кодирани во оваа рамка се, пред сè, голи трансфери на позициите на застапници на ЛГБТ- заедницата.

„Сметаме дека реториката за традиционално и конзервативно општество која беше присутна во изминатите години имаше за цел да ги маргинализира и дополнително стигматизира ЛГБТ луѓето во Македонија. Очекуваме ваквиот говор да се санкционира и политичките партии да се оградат од јавните настапи на своите членови, кои се во судир со уставниот принцип на еднаквост на сите граѓани, се вели во соопштението“ *(Нова ТВ, 4.7.2017)*.

### (б) Анализа на фреквенцијата на појавност на рамката „идеолошка вредност“

Идеолошко врамување, иако во некоја нетемелно елаборирана форма, може да се каже дека има во 21 текст – во 14 текста, од кои 9 со фокус на Македонија, има показатели на протежирање на традиционалните вредности – семејството, организираната религија, конзервативните сфаќања за светот и слично, а во 7 текста (3 од нив се со фокус на Македонија) може да се каже дека има одбрана на позициите на ЛГБТ од либерална гледна точка.

### (в) Дискурзивна анализа на најпарадигматичните текстови

Од целиот корпус текстови што оперираат во идеолошката рамка, издвојуваме еден, којшто во делот во кој зборува за ЛГБТ-заедницата и нејзините поддржувачи, функционира во рамката *традиционални вредности*, и еден кој функционира доминантно во рамката *либерални вредности*.

Првиот е колумна потпишана од Џејсон Мико, со наслов: „Амбасадорот Бејли е приватно бесен“ *(Курир, 23.2.2017)* и таа е избрана

поради негативниот фрејминг за ЛГБТ, кој е аргументиран со популистичко изместување на улогите на актерите што се инволвирани. Колумната се обидува да ја анализира политиката и интересите на Американската амбасада во Македонија со обвинувањето дека таа поддржува ултралевичарски и радикални позиции во земјата. Колумната е индикативна за повеќе инстанции на псевдополитичка анализа, но ова истражување се задржува единствено на делот во кој се зборува за ЛГБТ-заедницата и нејзините застапници, кои се поставени во групата на оние за кои „Американската амбасада им ги спонзорира радикалните идеи“. Во текстот се вели:

„Амбасадорот Бејли исто така намерно избегна да спомене дека грантовите одат за поддршка на нетрадиционалните појави, како ЛГБТ-проблематиката, кои се во спротивност со конзервативното општество на сите Македонци, без оглед на нивната етничка припадност. Пример за ова е грантот од 300.000 долари за 'Проектот за инклузија на ЛГТБИ', што УСАИД го додели минатата година. Ако го прочитате конкурсот за аплицирање, ќе видите дека УСАИД верува оти овој проект е неопходен затоа што нагласувањето на овие проблеми е промовирање на општествено конзервативната, исклучувачка агенда на владејачката партија, која се заснова на идеологијата на традиционалната родова поделба. Со други зборови, УСАИД и американската амбасада имаат проблем со идеологијата на традиционалната родова поделба. Амбасадорот Џес Бејли лукаво ги избира зборовите. Но, правејќи го тоа, ги меша вистината и лагите.“

Во овој параграф се енкапсулирани две манифестации на антагонизам, кои авторот се обидува да ги постави како голем идеолошки проблем не на политиката на Вашингтон[68] кон Скопје, туку на политиката на Американската амбасада во земјава, која, како што се сугерира, е во „дисонанција“ со инструкциите на Вашингтон.

---

68 *Ова е поткрепено понатаму во текстот, со реченицата според која Мико сугерира: „Јас разбирам зошто го прави тоа. На амбасадорот Бејли му гори под нозете, а американскиот Конгрес ги стави под истрага и него и американската амбасада.“*

Првата линија на антагонизам што е исцртана меѓу „конзервативното општество“, кое според Мико е општество на „сите Македонци“, и „нетрадиционалните појави, како ЛГБТ-проблематиката“, кои се произведени како узурпатори на конзервативната идила. Во оваа антагонистичка линија, „конзервативното општество“, кое ја има повисоката морална позиција, е нападнато од овие нетрадиционални појави, за кои е залепен „радикализмот“ и „ултралевичарењето“, чиј спонзор е Амбасадата. Во основа, нетолерантната, авторитарна, неточна и псевдоаналитичка позиција на авторот, за кого „конзервативна Македонија е Македонија на сите Македонци“, е искористена за да се исцрта втората линија на антагонизација – таа меѓу *моќната* Американска амбасада[69] и УСАИД, од една страна, и поранешната влада во Скопје, која ги брани вредностите изнесени во првото тврдење. Ова реторичко лизгање на значењето, во основа користи популистичка дискурзивна стратегија, во која оној што ја има апсолутната политичка моќ во државата, а тоа е поранешниот носител на хибридниот режим, сега е – по импликација – произведен во жртва, а ЛГБТ-заедницата, врз која тој режим го проектираше злото, сега е произведен во радикална ултралевичарска структура. Манифестацијата на нетолерантност и имплицирана омраза, која провејува во текстот, се конструирани во популистички манир, но од аспект на фрејминг-анализата, конструираат моќна анти-ЛГБТ рамка[70]: (1) прашањето за општествената позиција на ЛГБТ се поставува како прашање на узурпација на конзервативните вредности; (2) конкретно се лоцира изворот на проблемот, а тоа е спонзорираниот радикализам, кој ја нарушува конзервативната идила; (3) на конзервативизмот му се дава висока морална позиција и е дерогативен кон вредностите поврзани со ЛГБТ-заедницата и нејзините застапници; и, конечно, (4) по импликација повикува на акција од Вашингтон против својата Амбасада во Скопје, поради дисонанцијата. Оваа рамка е, исто така, моќен поттикнувач на рамката *зла манипулација*.

69 *Се вели дека Амбасадорот Бејли е мошне лукав.*
70 Четирите оперативни елементи на рамката на Ентман.

Вториот текст се однесува на позитивното идеолошко врамување во рамката либерална вредност, и е извлечано од колумна во Либертас. Текстот: „Во училиште нема место за различните“ (Либератас 13.01.2017) е редок пример на присуство на јасна рамка на либерална вредност во контекст на позиција на ЛГБТ и повторно е произведен од застапник за правата на ЛГБТ-популацијата. Колумната: (1) го лоцира проблемот во конзервативните вредности: „Според последниот Барометар на еднакви можности, македонските граѓани имаат најмала толеранција кон хомосексуалците, а најголем проблем на власт да дојде лице со хомосексуална ориентација“; (2) го утврдува потеклото на проблемот: „Со други зборови, образованието наместо да инвестира во разбирање на различните идентитети, се обидува преку дисциплинирање на личните потенцијали, копнежи и желби насилно да наметне и бара стриктно придржување до традиционално нормираните обележја на родот, сексуалноста и родовиот идентитет“; (3) дава умерен, но јасен морален суд на тој проблем: „Традиционалната култура и религиските норми не се лоши сами по себе. Проблемот се јавува кога тие предничат пред науката и фактите. Традицијата и религијата не смеат да ги врамат образованието, знаењата и информациите за нашите тела, задоволствата и релациите“; и (4) сугерира можна акција: „Вклучувањето на сеопфатното сексуално образование во училиштата е првичниот чекор. Зајакнување на стручните служби, отворање фронт против стереотипите и предрасудите и менување на дискриминаторските содржини од учебниците мора да бидат наши појдовни точки. Воспитната компонента на образовниот процес не смееме да ја игнорираме затоа што и оние млади кои ќе останат во земјава ќе ги претвориме во зомбија. Дури тогаш ќе претстанеме да постоиме како луѓе, како општество, како држава.“ Овој текст е редок пример на јасен либерален идеолошки фрејминг, за разлика од првиот, кој, кога се појавува, постојано има тенденција да се претвори во манифестација на гола омраза, како во текстовите поврзани со Фејсбук-статусот на Мухамед Зекири.

## IV.3.5. Идентитет (Identity Frame)

### *а) Дефиниција и деконструкција на елементите и типовите на манифестација на рамката*

Рамката *идентитет* енкапсулира елементи на лични карактеристики, општествени односи, општествени улоги и членства во општествени групи, кои кај една личност определуваат од што е дефинирана таа[71]. Оваа рамка се однесува и на динамиката на промена во однос на тоа што бил некој во минатото, а што е сега – динамиката на промена кај идентитетските рамки е мошне битна. Во позитивната смисла, оваа рамка се однесува на ослободување од оковите на тајноста и објавување пред општеството „што сум јас навистина". Но, во негативната смисла на рамката, таа се однесува на сликата за идентитетот што ја произведува Другиот, во овој случај нетолерантниот Друг. И оваа рамка во македонската јавна сфера се појавува во многу слаба варијанта кога е позитивна и речиси секогаш во дерогативна варијанта, кога е негативна. Таа има две појавности:

*Coming out:* Оваа рамка е поврзана со редефинирање на општествениот идентитет кај ЛГБТ-луѓето; таа лоцира прашање поврзано со ЛГБТ-заедницата првенствено во односот на личноста и нејзиното општествено прифаќање:

> „[...] каминг аутот е можеби најстресиот момент во животот на ЛГБТ луѓето, затоа што во моентот кога ќе се соголиш пред роднините и пријателите твојата приказна станува реалност. Тоа е како еден вид иницијација во светот, мост помеѓу првичната позиција на страв, срам, гнев и депрсија и толку посакуваната слобода" *(Плусинфо, 23.05.201)7*[72].

*Перверзија:* Рамката има негативен предзнак: дискурзивно го произведува идентитетот на припадниците на ЛГБТ-заедницата од

---

71 Oyserman, D., Elmore, K., & Smith, G. (2012). Self, self-concept, and identity. Handbook of self and identity, 2, 69-104.

72 Борјана Мојсовска: „Прав(д)а за сите", порачуваат ЛГБТИ луѓето

гледна точка на нетолерантниот друг. Текстовите што оперираат во оваа рамка за ЛГБТ-популацијата тврдат дека е манифестација на перверзија. Понекогаш тоа е направено директно и експлицитно, а понекогаш, каков што во случајот со овој известувачки период, тоа е направено преку поврзувањето на ЛГБТ со група што ја застапува педофилијата.

> „Децата, семејството и семејните вредности мора да бидат заштитени од нападот на неморалот. Уште еднаш го повикуваме Алаѓозоски јавно да ги осуди ваквите ставови и во иднина како министер за култура на Република Македонија да учествува и да поддржува настани кои одат во прилог на поголема културна едукација и развој на граѓаните, а не настани на кои како говорници се јавуваат луѓе со искривени морални сфаќања, рече Стаменковска“ *(Сител, 26.06.2017).*

### (б) Анализа на фреквенцијата на појавност на рамката „Дискриминација“ низ времето

Идентитетското врамување се појавува во 40 текста во рамките на 196 последователни известувачки денови, а се појавува и во својата позитивна и негативна варијанта.

## IV.3.6. Насилство (Violence Frame)

### а) Дефиниција и деконструкција на елементите и типовите на манифестација на рамката

Рамката *насилство* го дефинира прашањето за општествената позиција на ЛГБТ-заедницата примарно низ призмата на државно или на општественот индуцираното насилство врз неа. Овој фрејм во идално типска форма се разликува од рамката *дискриминација/човекови права* по тоа што овде насилството не е предмет на структурна критика во одбрана на човековите права, ниту, пак, е контекстуализирана критика на системската дискриминација. Рамката едноставно го регистрира насилството во „гола“ форма. Оваа рамка во истражувањето беше очигледна во две варијанти:

*Секуритизација:* Медиусмките содржини во колонизираните медиумски системи на хибридните режими, каков што е македонскиот, изобилуваат со опсервации на ЛГБТ-заедницата кои од нејзините активности прават безбедносно прашање. Во известувачкиот период, сепак, оваа рамка се појави во ограничен број текстови, и тоа, пред сѐ, поврзано со ЛГБТ-заедницата надвор од Македонија. И оваа известувачка рамка, како и повеќето други, во медиумскиот простор во Македонија е слаба: не можат да се најдат текстови во кои новинарот експлицитно ја брани секуритизирачката теза, но присуството на оваа рамка во медиумскиот простор е сепак видлива поради едноставното пренесување на позиции на политички актери (пред се́ од странски држави).

> *„Истанбулските власти денеска соопштија дека нема да дозволат да се одржи утрешната Парада на гордоста, поради загриженоста за безбедноста на учесниците и туристите, како и за јавниот ред и мир“ (Плусинфо 24.6.207).*

*Виктимизација:* Ова варијанта заборува за ЛГБТ-популацијата како за жртва, но повторно не го деконструира насилството контекстуализирајќи го во рамката човекови права/дискриминација, туку, едноставно, го регистрира насилството во кое поединци од ЛГБТ-заедницата се жртва.

> *„На почетокот на април, рускиот весник „Новаја Газета“ јави дека повеќе од 100 луѓе биле уапсени поради својата хомосексуалност во Чеченија. Најмалку тројца од нив биле убиени. Повеќе западни медиуми оттогаш јавуваат за тепање, тортура и електрошокови на кои биле подложени уапсените, откако чеченските власти од нив барале да ја признаат сексуалната ориентација и да им ги кажат имињата на нивните партнери„ (Либертас, 19.4.2017).*

### (б) Анализа на фреквенцијата на појавност на рамката „дискриминација“ низ времето

Рамката *насилство* е регистрирана во 28 статии, што е присуство од 9% во текстовите што се однесуваат директно или индиректно

на ЛГБТ. Само шест од овие рамки се однесуваат на насилство во Македонија, и тоа најмногу се должи на фактот што текстовите кои зборуваат за насилството често се поврзуваат со контекстот дискриминација и човекови права. Оваа рамка е највидлива кога медиумите едноставно известуваат за одржување геј-парада на која се појавило насилство или, пак, државата ја спречила парадата поради „безбедносна загриженост". Во Македонија, имајќи ја предвид широко распространетата култура на реактивно и површно новинарство, рамката секуритизација, на пример, не се деконструира – текстовите, едноставно, не се обидуваат да стигнат до коренот на тоа зошто некоја држава би можела да го секуритизира ова прашање.

### (в) Дискурзивна анализа на најпарадигматичните текстови

Карактеристичен текст, кој ја става ЛГБТ-заедницата во рамката *насилство* е прилогот на Сител: „Хаос на геј-парадата: Десничарите ги претепаа учесниците, полицијата ги апсеше" (18.6.2017). Насловот на текстот става во проминентна позиција два фрејминг-елементи: прво, синтагмата „десничарите ги претепаа [...]" имплицира идеолошка антагонизација меѓу десничарите и ЛГБТ-заедницата; и, второ, делот од реченицата кој вели: „хаос на геј-парадата [...] полицијата ги апсеше..." – создава виктимизирачки и секуритизирачки конструкти. Остатокот од текстот, како и повеќето текстови поврзани со ЛГБТ, е разочарувачки плиток. Тој не го деконструира настанот, туку само бегло ги повторува тезите што можат да се прочитаат во насловот со некој дополнителен податок. На пример, лидот на веста го повторува секуритизарчкиот елемент: „Над 2.000 лица денеска учествуваа на геј парадата во Киев која се одржа под строги мерки на безбедност." Во лидот површно и слабо се става геј-парадата во безбедносна рамка, без таа да се деконстуира. Потоа, рамката, која во насловот можеби ветува дека ќе биде деконструиран идеолошкиот конфликт во украинското општество, завршува два параграфа подолу со реченицата: „Контрамитингот на неколку стотици ултранационалисти се

заврши со неколку тепачки и седум апсења, пренесоа локалните медиуми.“ Овој кус текст илустрира како известуваат, генерално, медиумите за ЛГБТ, во поглед на насилството – рамките слабо го дефинираат проблемот, површно го лоцираат изворот на проблемот, моралниот суд е неодреден, така што често не се знае на која морална страна е текстот и, конечно – најчесто медиумските текстови не имплицираат никаква разумна акција во одбрана на толеранцијата и против дискриминацијата. Напротив, сите елементи на рамката се површно поставени и, во смисла на кумулативните медиумски ефекти, им штетат на маргинализираните заедници, вклучително и на ЛГБТ, поради тоа што во известувањето ги сведуваат на прашање што може бегло да се спомене, без да се елаборира.

### IV.3.7. Тело (The Body Frame)

Известувачката рамка *тело* се однесува на медиумското врамување на темите поврзани со ЛГБТ низ призмата на телото, неговото здравје, генетика и слично. Оваа рамка е речиси занемарлива во медиумското покривање во Македонија и затоа нема да биде опширно елаборирана. Сепак, накусо ќе се задржиме на една манифестација на рамката, која го поставува прашањето во доменот на генетиката и која создава доста, потенцијално прблематични позиции и покрај очигледно добрата намера на авторот. Текстот на авторката Калина С. Андонова е објавен во Нова Македонија на 29 јуни[73] и се вика: „Се раѓа ли гејот како геј“. Текстот го поставува проблемот најпрво во идеолошки контекст, тврдејќи дека конзервативните и либералните аргументи за сексуалната ориентација се сопосетавени врз основа на прашањето дали има генетска причина за хомосексуалноста или пак се работи за индивидуален избор: „Конзервативно ориентираните луѓе го бранат мислењето

73 Во анализава се опсервирани дел од исказите во текстот што ја илустрираат рамката *тело-генетика* и оваа анализа не треба да се сфати како темелна критика на текстот „Се раѓа ли гејот како геј?“.

дека хомосексуалноста е личен избор на индивидуата и резултат на околностите во кои опстојува и се развива една личност. Од друга страна, пак, голем број активисти за правата на геј-популацијата инсистираат на фактот дека хомосексуалноста е генетичка работа и се надеваат дека науката ќе го докаже тоа“.

Овој текст, прво, ја симплификува дебатата, поврзувајќи ја позицијата на “изборот” исклучиво со политичкиот конзервативизам, односно со опонентите на геј-правата и поврзувајќи ја „биологијата“ со либерализмот, односно со оние кои ги застапуваат геј-правата. „Биолошката теза“ инаку, почива на претпоставката дека доколку биде докажана генетска причина за него, хомеосексуализмот од конзервативните кругови би требало да биде прифатен како инхерентна човечка карактеристика и потоа, од таа позиција, би било многу проблематично да се бранат анти-геј позициите. Но, мора да се напомене дека ова е редуцирање на дебатата, затоа што не е целосно јасно отцртана линијата на аргументација меѓу либералните и конзервативните позиции – поддржувачите на ЛГБТ правата исто така користат политиколошки и социолошки аргументи во одбрана на позициите на оваа маргинализирана група и дел од нив тврдат дека сексуалноста е одбележана со мултиваријантна флуидност која не дозволува поедноставено објаснување за сексуалната ориентација. На пример, во 2015 г. американскиот социолог Шејмус Кан го постави прашањето: „Ако други ослободителни движења ја отфрлија идејата дека биологијата е судбина, тогаш зошто геј правата да зависат од биологијата”?[74] Текстот тврди дека биолошкиот детерминизам може да направи дури и значителна штета за ЛГБТ правата, со тоа што маргинализира дел од нејзините членови, како што се трансродовите лица, но исто така, таквата аргументација „го ограничува нашиот капацитет да дискутираме што претставува добра и праведна заедница”.

74 https://aeon.co/essays/why-should-gay-rights-depend-on-being-born-this-way

Покрај тоа што ги редуцира либералните линии на отпор, просто на „биологија“ и „генетика’, текстот прави избор на аргументи чијшто ефект треба да биде објектифицирање на спознанието за сексуалноста - “(...) „Факт е, вели текстот, дека денес постои голем притисок од страна на активистите за човекови права на геј-популацијата, науката да го истражи и објасни на научна база овој домен“. „Науката да го истражи и објасни на научна база“ е аргумент кој се базира на позитивистичкиот идеолошки корпус во истражувањето на општествените феномени - позиција која е проблематична со оглед на тоа што ја поставува „научноста“ во позиција да утврдува атемпорални вистини, занемарувајќи го фактот дека, таа расте низ грешките и низ повторните преиспитувања, но и дека таа е исто така предмет на дискурзивно конструирање.

Рамката *тело - генетика* е лизгав терен за позициите на ЛГБТ, особено кога ќе се види историјата на нејзиното регрутирање во контекст на други битки за човекови права [75], кои биле реакција, меѓудругото на тоа што генетските карактеристики биле злоупотребувани за дискурзивно да се произведе морална супериорност на некоја група. Тенка е линијата меѓу тоа да се каже дека „да се биде геј има врска со генетските карактеристики“ и тоа да се каже дека „е тоа манифестација на погрешно генетско кодирање“. Во вторава конструкција лежи никулец на фашизоидни проблематизирања на ЛГБТ правата, во кои „погрешното генетско кодирање“ би било коснтруирано како „девијација од нормата“ – аргументи кои во Македонија не само што беа дел од медиумскиот пејсаж туку беа и репродуцирани низ образовниот процес последнава деценија.

75 На пример оваа рамка беше озлогласена за време на Civil Rights Movement во Соединатите Американски Држави, затоа што беше употребувана за да се демонстрира интелектуална супериорност на една раса над друга. Генетски аргументи користат и диктаторските и фашистичките режими за цел спектар политики кон кои целат.

# V.

# Заклучоци

На примерот и во контекст на општествената позиција на ЛГБТ заедницата во Македонија - медијатизираната јавна сфера во земјава во првите месеци од падот на хибридниот режим покажува знаци на делумно ослободување видливо прво преку отсуството на широко распорстранетиот говор на омраза и манифестација на вербално насилство кон оваа заедница, што беше доминантна и дефинирачка карактеристика на медиумскиот однос кон заедницата последниве години; и второ, преку присуството на јавни медиумски покриени вербални манифестации на поддршка и солидарност кон заедницата од високи претставници на извршната и на законодавната власт. Овие две тенденции се важни и ценети од припадниците на ЛГБТ заедницата и од групите што ги застапуваат нивните права. Но, од тематската анализа и анализата на врамувањата произлегуваат наоди кои укажуваат на сериозни проблеми во покривањето на темите поврзани со ЛГБТ заедницата – проблеми со кои во следниов период ќе треба сериозно да се занимаваат медиумските работници, застапниците за човекови права, политичките актери и претставниците на либералните делови на меѓународната заедница. Во следново поглавје ги изнесуваме заклучоците од истражувањето и анализата и предлагаме начини како да се надминат состојбите што се детектирани:

1. Забележано е експлицитно негативно претствување на ЛГБТ заедницата во 43 текстови што се однесуваат на ЛГБТ теми со фокус на Македонија. Ова претставува 29% од вкупниот

број објави што се однесуваат на Македонија и речиси сите тие ја ставаат ЛГБТ заедницата во политичко-манипулативен контекст. Анализата на дистрибуцијата на експлицитно негативните објави за ЛГБТ заедницата сепак не покажува дека е тоа сеприсутна карактеристика на јавната сфера – оти речиси 91% од негативните објави доаѓаат од само еден извор. Сепак, практиката на политичка манипулација со позицијата на една маргинализирана група е во основа дерогативна, дискриминаторска и имплицитно поттикнува насилство. Практиката на негативно претставување е спротивна на членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој „[н]овинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)“[76].

2. Постои тенденција темите поврзани со ЛГБТ заедницата да бидат покривани со неаналитички жанрови - какви што би биле веста или кусиот извештај. Има само неколку изолирани примери на колумни во кои се навлегува подлабоко во темата, а анализите и истражувањата воопшто не се присутни. Тенденцијата ЛГБТ - темите да бидат покривани со вести или куси неаналитички извештаи е индикатор за површноста со која медиумите ѝ пристапуваат на оваа маргинализирана група. Оваа практика е карактеристична дури и за медиумите што имаат емпатичен однос кон заедницата и нејзината борба за човекови права.

76 Кодекс на новинарите на Македонија http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440

3. Според општите новинарски етички правила[77], новинарските текстови треба да овоплотуваат спектар на различни позиции и мислења кои ќе го одразуваат диверзитетот на гледање на определена тема. Истражувањето покажа дека има широко распространета практика на употреба на само еден извор во текстовите што се оденсуваат на теми важни за оваа заедница, што пак укажува на тоа дека тие не се покриваат на инклузивен начин односно не го одразуваат спектарот различни позиции за прашањата кои ги обработуваат.

4. Во најголем број случаи (82% од статиите) не е познат авторот на статијата. Ова е во спротивност со членот 14(2) од Законот за медиуми, но исто така отвора стратегиски проблем за ЛГБТ заедницата – во услови во кои не се знае името на авторот и тој не може да биде санкциониран според Кривичниот законик и во услови во кои Законот за ААВМУ во казнените одредби не предвидува санкција за говор на омраза, ова дело кога ќе се појави, ќе остане несанкционирано, што придонесува кон културата на неказнивост на делата од омраза кон ЛГБТ заедницата. Но, исто така поради оваа практика, организациите коишто ги застапуваат правата на припадниците на ЛГБТ заедницата и на медиумските организации им е тешко да ги изберат конкретните новинари коишто известуваат за овие теми за да им понудат поддршка и обука низ која ќе им бидат претставени суптилностите на покривање на идентитетските прашања важни за оваа маргинализирана група.

5. Анализата покажа дека најголем интерес кај медиумите за отворање на темите поврзани со ЛГБТ има во оние темпорални исечоци во кои политички актери се произнесуваат за правата на оваа заедница. Оваа тенденција на известување *одозгора- надолу* е вообичаена и за медиуми кои постојат во

77 Совет за етика во медиумите, ресурс на одлуки и мислења http://semm.mk/komisija-za-zalbi/arhiva-odluki-i-mislenja *тело-генетика* и оваа анализа не треба да се сфати како темелна критика на текстот „Се раѓа ли гејот како геј?“.

силни медиумски системи. Сепак во Македонија тенденцијата на реактивност на медиумите е многу поизразена затоа што тие речиси секогаш едноставно ги пренесуваат ставовите или позициите на политичките актери без да се обидат да ги деконструиараа подлабоко нивните ставови. Во известувачкиот период имаше повеќе случаи на јасна и отворена поддршка од политички актери за ЛГБТ заедницата и дел од медиумите едноставно го пренесоа тоа. Но, во овој известувачки период имаше и манифеставија на нетолерантност изразена од политички актери, а дел од медиумите едноставно некритички го пренесоа и тоа. Оваа тенденција не важи единствено за медиумите кои во минатото манифестирале отворена нетолеранција за ЛГБТ заедницата, туку и за оние кои имаат емпатија кон маргинализираната група. Отсуството на морална проценка во новинарските производи во Македонија ги прави овие текстови можен лесен плен за политичка манипулација. Тоа е и еден од механизмите преку кои беше овозможено дерогирањето на јавната сфера во овој медиумски систем во последниве десетина години – од позиција на моќ национал-популистичките партии на власт имаа хипер-продукција на честопати фабрикувани верзии за стварноста. Со тоа што медиумите едноставно го трансфериараа секој говор на овој политички актер, без да го деконструиараат, беше овозможено јавната сфера да биде окупирана од неговата „вистина“ за стварноста.

6. Анализата забележа зголемена густина на содржини кои укажуваат на проблеми кои произлегуваат од дискриминацијата на ЛГБТ заедницата, но истовремено и зголемена густина на дерогирачки содржини, во оние периоди во кои беа објавени говорите на поддршка за заедницата од страна на домашни и меѓународни политички актери. Всушност, кога определен политички актер ќе се појави како поддржувач на ЛГБТ правата, дел од содржините го пренесуваат тој чекор, но дел ја користат можноста во јавноста да ја зголемат фреквен-

цијата на текстови што се дерогирачки за ЛГБТ. Со оглед на тоа што вторава тенденција можеше јасно да се изолира особено кај еден медиум којшто значително ја зголемува видливоста на дерогирачки однос, тука не можеме да кажеме дека целата јавна сфера на тие известувачки пунктови се мобилизира против ЛГБТ. Сепак, можеме да забележиме дека се' уште се видливи обиди медиумската агенда (неуспешно) да биде преплавена со манипулативни содржини.

7. Истражувањето воочи зголемена фреквенција на теми за ЛГБТ во услови во кои во странски држави се отвора прашањето на дискриминацијата и воопшто правата на оваа заедница. Во повеќето случаи објавената тема за настан надвор од Македонија не се користи како повод за разработување на истиот проблем на примери од Македонија.

8. Во известувањето во периодот од 196 последователни денови имаше доминација на рамките *човекови права/дискриминација* и на нејзиниот негативен пандан – *зла манипулација*. Првиот тип рамки беше пред се' актуелизиран во медиумски содржини кои се емпатични кон правата на ЛГБТ, а вториот тип рамки во медиумските содржини кои имаат тенденција да ја дискриминиараат или да ја понижат заедницата. Рамката *човекови права/дискриминација* и во посилни медиусмии системи е исто така доминантна, но во македонскиот контекст таа се каратеризира со површност – трансферирањето на голи говори на разични актери има тенденција несоодветно да го дефинира проблемот на известување, да не го посочува јасно изворот на тој проблем, да не прави никаква морална деконструкација на прашањето, ниту пак да упатува на акција преку која тој проблем би можел да биде надминат. Ова ги прави слаби рамките коишто одат во полза на ЛГБТ и покрај, навидум добрите намери на новинарот. Од друга страна рамката *зла манипулација* е популистички конструирана - создава еквиваленцијален ланец во кој ЛГБТ заедницата и нејзините општествени интереси се ставени во контекст на интересите

на, како што често се наведува, (сега веќе) политичката власт или „СДС“, и на „СОРОС“ како ‘симболички носители на злото на меѓународниот заговор’. Сите овие симболички конструирани актери се ставени во групата поддржувачи на „педофилијата”. Со ова ЛГБТ заедницата низ рамката *зла манипулација* е врамена како „перверзен актер“ кој манипулира со јавноста. Површноста со која рамката *човекови права/дискриминација* се појавува во медиумскиот простор и’ овозможува на рамката *зла манипулација* да изгледа посилно и покрај тоа што вторава не користи рационална аргументација во случаите кога е конструирана.

9. Анализата на врамувањата покажува дека рамки кои се доста развиени во посилни медиумски системи, се многу ретки во македонски контекст и дека дури и кога тие се појавуваат на несоодветен начин ја поставуваaат темата поврзана со ЛГБТ. На пример една од многу битните рамки е *отпор/солидарност*, која треба да ја постави ЛГБТ заедницата во активен контекст на носител на промената. Таа во македонски контекст е толку слаба што понекогаш само известува за акции кои вршат притисок за унапредување на правата на ЛГБТ заедницета во меѓународни контексти. Во статиите кои ја носат оваа рамка речиси никогаш не се прави поврзување меѓу настанот од друга држава за кој се известува и ситуацијата во Македонија.

10. Истражувањето покажа дека во медиумските текстови не се деконструирани рамките кои ревносно ги бранат патријархалните, хетеро-нормативни ставови кон ЛГБТ заедницата, дури и во случаите кога медиумот има тенденција на емпатичност кон оваа заедница. Ова може да укажува на несоодветното знаење на новинарите за тоа како да ги деконструираат овие дискурси.

# VI.

## Препораки

- Во подготовката на новите законски решенија поврзани со медиумската сфера, од императивно значење е да се отвори јавна и фокусирана дебата со експертската јавност за членовите во законите кои ја регулираат обврската на медиумите да обезбедат плурализам во своите содржини. Во оваа насока, под плурализам треба да се подразбира и плураизам на родовите и сексуалните идентитети – овие идентитети треба да бидат на исто рамниште со, на пример етно-културалните или религиските идентитети. Истото ова треба да важи и за други закони – на пример Законот за заштита од дискриминација.
- Поради тоа што медиумите се платформи коишто можат да репродуцираат дискриминација и говор на омраза, во казнените одредби на Законот за ААВМУ треба да постои санкација за медиумот кој шири говор на омраза и во него експлицитно да се споменат консеквенците за ширење говор на омраза или дерогативен говор кон членови на ЛГБТ заедницата.
- Распространетото непочитување на општите новинарски правила и етички стандарди, наложува потреба од систематски ангажман на регулаторните и саморегулаторните тела за да се воспостави пристојност во продукцијата на теми поврзани со ЛГБТ заедницата. Се разбира ова е и општа препорака која се однесува на известувањето за која било тема. Овие тела треба да поставаат стратегиски цели, во смисла на тоа како

сакаат да ја развијат македонската медијатизирана јавна сфера и активно, во рамките на нивните законски можности да делуваат. Ова особено важи за саморегулаторните тела и еснафските здруженија кои имаат воспоставено јасни етички принципи на однесување – тие треба активно да ги поттикнуват медиумите да ги почитуваат на стандардите, но исто така треба да ги изложат на сериозна и јавна критика секогаш кога тие тоа не го прават.

- Медиумите треба да ги почитуваат општите насоки за известување за ЛГБТ како маргинализирана група кои произлегуваат од Кодексот на новинарите на Македонија, како и оние кои произлегуваат од изготвените водичи на организациите кои се застапници на правата на оваа маргинализирана група.
- Медиумите треба да изготват свои редакциски насоки за известување за маргинализираните групи меѓу кои и за ЛГБТ заедницата, за да се надмине распространтетата култура на нивна дискриминација. Овие редакциски насоки во секој медиум треба да произлегуваат од општите начела и во детали да ги разработуваат начините на кои новинарите треба да се постават кога известуваат за оваа група. Еден од посилните примери за таков тип редакциски насоки се насоките на Британската радиодифузна корпорација - BBC[78].
- Повеќе истражувања на работната динамика на редакциите во Македонија укажуваат на тоа дека новинарите во нив добро ги познаваат општите професионални стандарди, но дека нивната работа е ограничена од цензура и автоцензура од една страна, но и притисок за брзо и фреквентно производство на текстови. Сепак ова истражување остава простор за толкување дека голем број од новинарите не се сензитивни за суптилностите при покривањето на теми поврзани со ЛГБТ или немаат знаење за нивната специфичност. Затоа, повторно,

78 BBC Editorial Guidelines http://www.bbc.co.uk/editorialguidelines/guidelines

потребни се обуки со фокус на известувањето за ваквиот тип маргинализирани заедници.

- Во курикулумите за граѓанско образование, значајно место треба да заземе прашањето на медиумската писменост, во чии рамки прашањето на деконструкција на дискриминацијата мора да има централно место. Ова на долг рок треба да обезбеди критичка публика која од јавната сфера секогаш ќе бара повеќе и ќе биде подготвена да им се спротивстави на стигматизирачките и демонизирачки дискурси насочени кон ЛГБТ заедницата.

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.344.7-055.3:316.776(497.7)(047)

МИЦЕВСКИ, Игор

Framing the rainbow : анализа известувачките рамки во медиумското покривање на теми поврзани со ЛГБТ - заедницата / истражувач и автор на извештајот Игор Мицевски ; истражувачи Ирена Цветковиќ, Васко Маглешов. - Скопје : Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, 2017. - 80 стр. : илустр. ; 29 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4803-04-1

а) Лица со различна сексуална ориентација - Медиумско покривање - Анализа - Македонија - Извештаи

COBISS.MK-ID 105331722

Издавањето на оваа анализа е дел од Проект на УСАИД за инклузија на ЛГБТИ заедницата. Целта на проектот е да ја подобри вклученоста на геј луѓето, лезбејките, бисексуалците, трансродовите и интерсексуалните лица и да ги унапреди нивните права.

—

Издавач: Коалиција СЗПМЗ

Автор: Игор Мицевски

Асистенти истражувачи: Ирена Цветковиќ, Васко Маглешов

Дизајн: Игор Делов

Лектура: Бобан Карапејовски

Печати: Дата понс

Тираж: 150

Оваа анализа е овозможена со поддршка од Американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржините се одговорност на авторите на анализата и не ги изразуваат ставовите на УСАИД или Владата на САД.